Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 308 17 октомври 2022 година

октомври 2022 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) - современ танц на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3
**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) - современ танц на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11
**РЕЦЕНЗИЈА** на „Динамична комплексност на менаџмент комуникацијата во реализација на механизми на управување во Економскиот развој“........ 21
**РЕЦЕНЗИЈА** на докторска дисертација со наслов „Прогностичка улога на срцевите биомаркери кај пациентите со миокарден инфаркт“, пријавена на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 27
**РЕЦЕНЗИЈА** на учебник со наслов „Phraseologie der deutschen sprache“ (фразеологија на германскиот јазик) од проф. д-р Драгана Кузмановска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34
**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Маркетинг менаџмент” практикум од доцент д-р Наташа Митева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 38
**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Маркетинг менаџмент” од доцент д-р Наташа Митева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 41
**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно- научниот совет на единицата ........ 44

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕАТРОЛОГИЈА (СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА И ТАНЦИ) - СОВРЕМЕН ТАНЦ НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2502-51/7 од 2022 година донесена на 72. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмска академија, одржана на 27.6.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) - современ танц **на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:**

- д-р Рисима Рисимкин, редовен професор од наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) – современ танц, вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- д-р Соња Здравкова-Џепаровска, редовен професор од наставно-научната област танцова уметност (историја на танцова уметност, карактерни игри, теорија на изведбата, сценски движења), вработена на Катедрата за балетска педагогија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член;
- м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научните области џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот под бр. 0401 за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 15.6.2022 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Адријана Данчевска, асистент по современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс и на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката м-р Адријана Данчевска е родена на 14.11.1992 година во Скопје. Основно образование завршува во ОУ „Живко Брајковски”. Во 2007 година кандидатката го продолжува своето образование во средното балетско училиште ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“, каде што во 2011 година матурира. Во периодот од 2011 до 2014 година ги следи додипломските студии на Факултетот за применета музика, оддел Современ танц, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности – ЕСРА во Скопје. Студиите ги завршува со средна оценка на успехот 9,92, со што го добива стручниот назив: дипломиран современ танчар. Во периодот од 2017 до 2019 година ги следи постдипломските студии на Факултетот за театарски уметности, студиска програма Сценски уметности, оддел Кореографија, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности – ЕСРА во Скопје. Студиите ги завршува со просечна оценка 9,00 и добива стручен назив: магистер по сценски уметности - современ танц.

Во 2014 година м-р Данчевска се посветува на научно-наставна дејност. Во периодот од 2014 до 2017 година таа е дел од наставно-научниот тим, како асистент/демонстратор на вонр. проф. д-р Рисима Рисимкин, во наставната програма за современ танц и импровизација и композиција на Скопје танцовата академија при Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје, првата високообразовна институција кај нас за современ танц и оформување на современи танчари во областа на уметничките танци.

М-р Данчевска активно учествува во наставата на оваа Академија, која во 2017 година станува дел од државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како Катедра за современ танц при Филмската академија, каде што кандидатката е стручен соработник од 2017 година до 2019 година, кога се вработува како асистент.

Кандидатката м-р Данчевска се занимава и со научноистражувачка дејност и во 2019 година го создава трудот „Интерактивниот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини“, во кој опфаќа практични и теоретски истражувања на тематиката.

Своето стручно знаење и образование м-р Данчевска го надополнува со учество на различни работилници за современ танц, мастер класови со извонредни кореографи, а во 2013 година стажира во познатата „Скапино балет“ танцова компанија во Ротердам, Холандија.

Таа учествува на повеќе меѓународни танцови проекти, во кои го остварува и надградува и својот уметнички потенцијал. Во периодот од 2014 г. до денес м-р Данчевска е активен учесник и креатор во програмата на Скопје танцовиот театар, во кој таа креира тринаесет авторски кореографии, кои се изведуваат во земјава и во странство.

М-р Данчевска својата наставно-научна дејност ја остварува и на странски високообразовни институции – универзитети: во 2019 година предава Современи танцови техники на работилница на Академијата за уметност во Братислава – Фестивал на европски танцови академии „Share“. Истата година во периодот на февруари и март м-р Данчевска предава Современи танцови техники на Ротердамската танцова академија при Универзитетот „Кодартс“ во Холандија, а во 2017 година м-р Данчевска предава на Универзитетот за убави уметности во Цирих, Швајцарија. За Универзитетот „Кодартс“ и Универзитетот за убави уметности во Цирих, м-р Данчевска креира две оригинални кореографии, како дел од нивната уметничка програма.

Во 2015 година м-р Данчевска е професор-гостин во „Летниот камп за современ танц“, во Шангси провинцијата во Кина, организиран од Министерството за култура на НР Кина, каде што во период од три недели предава современи танцови техники и импровизација и композиција на современ танц.

Во периодот од 2014 година до денес м-р Данчевска предава современи танцови техники на повеќе нивоа, за професионалци, студенти и младинци.

Својата уметничка дејност м-р Данчевска ја остварува во рамките на програмите на Скопје танцовиот театар, во кој таа делува како танчар и кореограф, активен учесник во севкупниот репертоар на оваа единствена официјална современа танцова компанија кај нас. Со Скопје танцовиот театар м-р Данчевска настапува во Скопје, низ повеќе градови во Македонија, како и на странски фестивали, меѓу кои: во 2020 година настапува на „Интернационалниот фестивал за соло танц“ во Анкара, Турција; во 2018 година на „Battery Dance Festival” во Њујорк, САД; „Holland Dance Festival” во Хаг, Холандија и на Интернационалниот фестивал за танц на Пекиншката академија за танц во Пекинг, Кина. Во 2017 година таа настапува на „Maritime silk Road Festival” во Чуанџо, Кина, и на „SHARE» фестивалот на Европски танцови универзитети во Братислава, Словачка. Во 2015 година настапува на програмата насловена „Open stage“ во Хаг и во Ротердам во Холандија, како и на фестивалот „Meet in Beijing Festival», Пекинг, Кина. Во 2013 година, Данчевска настапува на „ITS Festival” во Амстердам, Холандија, а во 2012 година учествува на „Саемот на танцот» во Дизелдорф и настапува во театарот „Културбункер“ во Келн, Германија. Во 2011 година, Данчевска настапува на „Фестивалот на современ танц и невербален театар» во Сенвинчето, Хрватска.

**Општи услови за избор**

Кандидатката м-р Адријана Данчевска има завршено соодветно високо образование од втор степен, односно магистерски студии од соодветната научна област на Факултетот за театарски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје, со стручен назив: магистер по сценски уметности - современ танц, со просечна оценка 9,00.

Првиот циклус на додипломски студии го завршува со средна оценка на успехот: 9,92.

Реализира тринаесет авторски современи танцови кореографии, кои премиерно

се изведуваат во земјава и две авторски кореографии, кои премиерно се изведуваат во странство, а вкупно има десет настапи со авторски современи танцови кореографии во странство. Претставите се реализирани во периодот од 2014 до 2022 година, а претставите кои се реализирани во перидот од 2019 година, кога кандидатката е избрана во звање асистент на УГД, до денес се наведени во поглавјето научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности.

Објавува научноистражувачки магистерски труд под наслов „Интерактивниот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини“ во соодветната област.

Препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област:

- Препорака од ред. проф. д-р Ангеле Михајловски, Македонија;
- Препорака од ред. проф. м-р Тони Китановски, Македонија.

**Посебни услови**

Кандидатката м-р Адријана Данчевска постојано дејствува во полето на современиот танц и придонесува во целокупната едукација на танчарите од Северна Македонија, но и надвор од неа, покрај програмата на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Во периодот од 2019 година до денес, со успех асистира во наставната програма на Катедрата за современ танц на Филмската ака демија при УГД, каде што предава современи танцови техники.

Во истиот период таа активно работи и како гостин-професор во ДМБУЦ – Балетски оддел, каде што предава современи танцови техники во класата на професорката Елена Антонова-Петровиќ.

Во 2020 и 2022 година води работилници по современ танц на „Битрикс танцовата лига“ во Скопје, за кои создава и кратки кореографски перформанси, кои се изведуваат на јавните настапи на оваа програма. Во 2022 г. одржува Работилница за современи техники во Хрватска, на програмата на Фестивалот „Недела на современ танц“ во Загреб. Истата година одржува напредна Работилница за современи техники на студентите од Академијата за современ танц во Рига на Фестивалот „Laiks Dejot“ во Латвија.

Во изминатите три години кандидатката м-р Данчевска остварува кореографии кои имаат официјални видеозаписи, во прилог линкови од истите:

„Go Figure It Out”
https://youtu.be/JQmpEXTJDYU
„Не ми ги допирај очите”
https://youtu.be/KfA_lGobc1g
„Дома/филмот”
https://youtu.be/3b9F_pTnMok
„Погрешно”
https://www.youtube.com/watch?v=MBocUroy-EU

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од доставената документација, во периодот од 2019 година до денес, м-р Адријана Данчевска ги има остварено следниве уметнички активности и научноистражувачка дејност:

**Авторски кореографии на Адријана Данчевска (2019-2022)**

**2022 — “Go Figure It Out”**, премиерно изведена на фестивалот Танц фест Скопје за Скопје танцовиот театар 2, на сцената на Македонскиот народен театар.

**Евалуација на авторското дело**

Наслов: „Go Figure It Out“
Праизведба: 13.4.2020 г., Македонски народен театар, Скопје
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Александар Ґроздановски, Сауф
Костими: Адријана Данчевска

Танчари: Дејан Битровски, Стефани Шааршмит, Андреј Димоски, Викторија Коцева, Сара Димовска

„Go Figure It Out" е мултимедијално дело кое се состои од два медиума – видеозапис и танцова претстава. Оваа кореографија е создадена со цел темата и идејата да остане отворена, за да може гледачот да ја доживее на свој начин. Лајтмотив во оваа кореографија е физичкиот изглед на ѓаволот, роговите на глава кои ги носат танчарите во видеозаписот и во претставата. Иако оваа идеја најавува некаква нарација, сепак делото не следи одредено сценарио. Акцентот е ставен на хаосот во градското живеење и како тој скопски хаос влијае на танчарите. Филмот е снимен во центарот на Скопје и ја прикажува неговата архитектура (Градски трговски центар - ГТЦ, Дом на АРМ, Порта на С. Македонија, Собрание на СМ).

**2021 — „Сè е добро"**, премиерно изведена во Дом на АРМ, како дел од претставата „Импулс" на Скопје танцов театар 2.

**Евалуација на авторското дело**
Наслов: „Сè е добро"
Праизведба 21.12.2021 г., Дом на АРМ, Скопје
Продукција: Скопје танцов театар
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Сауф, Лосцил
Танчари: Стефани Шааршмит, Андреј Димоски, Емилија Милак, Клара Христова, Сара Димовска, Јоана Благадуша, Микаела Анџела Глигорова

„Сè е добро" е производ на истражувањата на формата на телото направени со Скопје танцов театар 2 во периодот 1.10.2021 - 20.12.2021 г.

**2021 — „Не ми ги допирај очите"**, премиерно изведена на Фестивалот Танц фест Скопје.
**Евалуација на авторското дело**
Наслов: „Не ми ги допирај очите"
Праизведба: 1.6.2021 г.
Продукција: Скопје танцов театар
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Артефакт, Гордан Спасовски Трио
Костими: Адријана Данчевска
Танчари: Дејан Битровски, Адријана Данчевска
(Кога ќе те снема, може повторно да те заима)

„Не ми ги допирај очите" се поистоветува со човекот во Македонија. Го слави животот, убавото во едноставното и гневот во постоењето. „Следете политика и главите кон сонцето" е пораката која има повеќе видувања и која ја опишува оваа претстава. Оваа претстава е дует помеѓу маж и жена, кои низ кореографскиот текст и драматургијата изведуваат физички театар. Данчевска за прв пат става во фокус текст, наместо движење. Текстот кој танчарот Дејан Битровски во оваа претстава го изведува вклучува повеќе јавни говори на македонски политичари.

**2020 — „Дома/филмот"**, премиерно прикажан на фестивалот Танц фест Скопје
**Евалуација на авторското дело**
Наслов: „Дома"
Праизведба: 4.9.2020 г.
Продукција: Скопје танцов театар
Режија/Кореографија: Адријана Данчевска
Визуелен уметник: Ивана Мојсовска

Камера: Марко Марјановиќ, Тео Ангеловски
Музика: Claude Debussy, Fierce, Wolfgang Amadeus Mozart, Виктор Филиповски, Бојан Филиповски
Постпродукција: Адријана Данчевска, Тео Ангеловски, Ивана Мојсовска
Играат: Наталија Теодосиева, Дејан Битровски, Анастасија Данчевска, Сара Цветковска, Ивана Мојсовска, Адријана Данчевска, Филип Петковски, Стела Поповска, Рената Несторовска, Иван Ангелковски, Александра Велкова
(последен пресек, консензусна реалност)

„Дома“ е првиот македонски танцов филм. „Дома“ е склоп на слики низ фантазија, кој преку повеќе различни идентитети ја претставува имагинацијата на поединецот. Филмот е снимен на повеќе локации во Северна Македонија и танчарот е изваден од својата секојдневна танцова подлога, т.е. танцуваме на трева, во вода, на улица. Целата продукција е изведена во време на ковид-19.

**2020 — „Дома/перформансот“**, премиерно изведена на фестивалот Танц фест Скопје во МКЦ

**Евалуација на авторското дело**
Наслов: „Дома“
Праизведба: 4.9.2020 г.
Продукција: Скопје танцов театар
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Claude Debussy, Fierce, Wolfgang Amadeus Mozart, Виктор Филиповски, Бојан: Филиповски
Костими: Адријана Данчевска
Танчари: Мими Поп Алексова, Дејан Битровски, Анастасија Данчевска, Исидора Краљевска, Бобан Русески, Валентино Апостоловски

Дома/перформансот е дело кое е создадено како последица на филмот и ја надополнува истата идеја. Кореографијата се развива низ неколку различни сцени, групни и соло делови, во кои промената на танчарите ја доживуваме преку менување на музиката и чувството со кое тие ја изведуваат сцената. Филмот е оној кој се прикажува прв, потоа следи перформансот. Преовладува чувството дека сè што го гледаме на сцената е продолжение на филмската фантазија и ги доживуваме танчарите како да штотуку оживеале и ја пренесуваме физичката форма на движењето од платно во реалност.

**Евалуација на магистерскиот труд**
Магистерскиот труд на кандидатката м-р Данчевска „Интерактивниот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини“ се занимава со истражувања на односите помеѓу кореографот и танчарите од различни средини. Практичното дело, под наслов „Скеч“ и неговите две прикажани верзии, во целост ја потврдува расправата која Адријана Данчевска ја обработува во теоретскиот дел на магистерскиот труд. Кореографијата е концизно составена, Данчевска, преку визуализација на идејата и кореографски текст со современа експресија, во двете верзии прави исклучителен сценски израз, кој е паралелен во двете изведби, но секоја верзија се одликува со посебни карактеристики, кои произлегуваат од разликите во процесот на создавање, кои кореспондираат со средините и минатиот труд на секој од танчарите. Тие разлики, како и процесот на осознавање и работење, Данчевска ги образложува во теоретскиот дел на трудот. Истражувањето кое практично го изведоа магистрандот и танчарите од Универзитетот „Кодартс“ во Ротердам, Холандија, како и танчарите на Скопје танцовиот театар, во периодот на февруари, март и април 2019 година, кога интензивно работеа на развојот на кореографската идеја, дојдоа до одредени сознанија, кои авторот на магистерскиот труд ги образложи во текстуалниот дел на трудот. Во теоретскиот дел на трудот Данчевска дава осврт на историјата на македонската современа танцова сцена, како и краток преглед на развојот на современиот танц во 20 век, во кој става акцент на

двајца истакнати уметници: Пина Бауш и Охад Нахрин, со цел да го приближи овој сценски израз до читателите. Понатаму, таа прави анализа на практичните искуства од создавање на двете верзии на кореографијата „Скеч“ според сопствена схема, која произлегува од искуството, како и врз схемата прикажана во „Теоријата на танцот“ на проф. д-р Рисимкин, со што во целост ја заокружува тезата и го објаснува процесот на развој на кореографија со танчари од две различни средини. Овој магистерски труд во целост (практичниот изведувачки дел и теоретската расправа) успева да одговори на поставените прашања за развојот на кореографско сценско дело со танчари од две различни средини, тој поставува нови норми и го детерминира процесот на креација на кореографски текст, со што создава нов сценски танцов вокабулар, кој ја збогатува современата танцова сцена во Македонија и ја поткрепува со теорија, која ги опфаќа сите посочени делови на истиот труд.

**Настапи како изведувач во танцовите продукции на Скопје танцов театар (2019-2022):**

16.4.2019 – „Идентитети“, Танц фест Скопје, МНТ;
20.8.2020 — „Идентитети - Историја на еден растегнат сон“, Охридско лето, предворје на Црквата „Св. Софија“, Охрид;
4.9.2020 — „Дома“, Танц фест Скопје, МКЦ;
4.6.2021 — „Убавите жени“, Танц фест Скопје, Дом на АРМ;
1.6.2021 — „Не ми ги допирај очите“, Танц фест Скопје, Дом на АРМ;
4.6.2021 — „Ѓаволска дупка“, Танц фест Скопје, Дом на АРМ.

**Изведби на кореографии на м-р Данчевска во странство (2019-2022):**

29.6.2019 – „Скеч”, „Таленти во движење”, театар „Корзо“, Хаг, Холандија;
8.6.2022 — „Не ми ги допирај очите” на Фестивалот „Недела на современ танц“, Загреб, Хрватска;
16.6.2022 — „Не ми ги допирај очите” на Фестивалот „Laiks Dejot“ во Рига, Латвија.

**Настапи како изведувач во танцовите продукции на Скопје танцов театар во странство (2019-2022):**

20.9.2020 — „Фатална жена“ на „Интернационалниот фестивалот за соло танц“, Анкара, Турција;
8.6.2022 — „Не ми ги допирај очите” на Фестивалот „Недела на современ танц“, Загреб, Хрватска.

**Авторски претстави на м-р Данчевска (2019-2022):**

16.4.2019 – „Скеч“, Танц фест Скопје, МНТ;
4.9.2020 — „Дома/филмот”, Танц фест Скопје, МКЦ;
4.9.2020 — „Дома/перформансот”, Танц фест Скопје, МКЦ;
1.6.2021 — „Не ми ги допирај очите”, Танц фест Скопје, Дом на АРМ;
22.12.2021 — „Сѐ е добро”, „Импулс“, Дом на АРМ;
13.4.2022 — „Go Figure It Out”, Танц фест Скопје, МНТ.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

2022 – Работилница за современи танцови техники, фестивал „Недела на современ танц“, Загреб, Хрватска.

2022 - Работилница за современи танцови техники, Фестивал за современ танц „Laiks Dejot“, Рига, Латвија.

2022 - Работилници по современи танцови техники и развивање на танцов перформанс на „Битрикс танцова лига“.

2022 – „Go Figure it Out”, кореографија со студентите на УГД, изведена на Фестивалот „Танц фест Скопје“.

2021- Часови по современи танцови техники во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“.

2021 - „Сѐ е добро”, кореографија со студентите на УГД, изведена на Фестивалот „Танц фест Скопје“.

2020 - „Дома/претставата" кореографија со студентите на УГД, изведена на Фестивалот „Танц фест Скопје".

2020 - Работилници по современи танцови техники и развивање на танцов перформанс на „Битрикс танцова лига".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

М-р Адријана Данчевска е асистент на Катедрата за современ танц при Универзитет „Гоце Делчев" од 18.12.2019 г. Претходно работи како стручен асистент од периодот на оформување на Катедрата за современ танц на Филмската академија при УГД (2017 до 2019 година), а во периодот од 2014 до 2017 година како асистент/демонстратор на вонр. проф. д-р Рисима Рисимкин, во програмата за современ танц и импровизација и композиција на современ танц, на Скопје танцовата академија, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА, што значи дека како предавач во стручната област на универзитетско ниво има искуство од девет години. За време на извршување на овие дејности, кандидатката м-р Адријана Данчевска како предавач покажува одлично знаење и создава добар однос во комуникацијата со студентите. Со својата посветеност на предавањата, Данчевска успева да направи двонасочен однос со студентите, преку индивидуален пристап кон секој студент, со што им овозможува да постигнат поголеми резултати во совладување на наставната програма. Во својата повеќегодишна работна пракса, како предавач, но и танчар и кореограф, Данчевска покажува неспорен уметнички талент во креациите и изведбите на современи танцови дела, квалитети, кои се предуслов за стекнување со неопходно предзнаење и искуство, кое таа понатаму им го пренесува на студентите. Уметничкиот талент кој Данчевска го поседува влијае на оформувањето на студентите во насока на развој на креативноста и нивниот уметнички интегритет. Покрај својата авторска работа како кореограф настапува на повеќе претстави создадени од различни кореографи, со што се стекнува со неопходната пракса на сцена, која таа понатаму ја пренесува како наставна пракса. Данчевска се занимава и со научноистражувачка дејност и го создава трудот „Интерактивниот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини" во кој се занимава со истражувања на односите помеѓу кореографот и танчарите од различни средини. Овој магистерски труд поставува нови норми и го детерминира процесот на креација на кореографски текст, со што создава нов сценски танцов вокабулар, кој ја збогатува современата танцова сцена во Македонија и ја поткрепува со теорија која ги опфаќа сите посочени делови на истиот труд.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Адријана Данчевска ги има остварено потребните поени, во периодот од 2019 година до денес, односно вкупно поени од НИ-СУ + СА-ОР = 145 поени.

Врз основа на изнесените факти и податоци, му предлагаме на Наставно- научниот и уметнички совет на Филмската академија при УГД - Штип да ја избере кандидатката **м-р Адријана Данчевска** во наставно-научното звање **доцент за наставно-научната област** ***театрологија (сценски движења и танци) -современ танц*** на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Рисима Рисимкин**, редовен професор за група предмети од областа на танцот, вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател, с.р.

**Д-р Соња Здравкова-Џепаровска**, редовен професор од наставно-научната област танцова уметност (историја на танцова уметност, карактерни игри, теорија на изведбата, сценски движења), вработена на Катедрата за балетска педагогија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член, с.р.

**М-р Антонијо Китановски**, редовен професор од наставно-научните области џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| | ВКУПНО | | | | | |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Настапи на официјални. концерти/претстави | 10x3 | 30 | 4x6 | 24 | 54 |
| | Самостојни настапи со авторски дела | 5x6 | 30 | 2x10 | 20 | 50 |
| | Член на научен одбор/фестивал | 1x4 | 4 | | | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | 108 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Предавање на стручен собир | 7x2 | 14 | 2x4 | 8 | 22 |
| | ВКУПНО | | | | | |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 145 |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ – НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕАТРОЛОГИЈА (СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА И ТАНЦИ) - СОВРЕМЕН ТАНЦ НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2502-51/7 од 2022 година донесена на 72. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија, одржана на 27.6.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) - современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– д-р Рисима Рисимкин, редовен професор од наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) – современ танц, вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– д-р Соња Здравкова-Џепаровска, редовен професор од наставно-научната област танцова уметност (историја на танцова уметност, карактерни игри, теорија на изведбата, сценски движења), вработена на Катедрата за балетска педагогија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член;
– м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научните области џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот под бр. 0401 од 15.6.2022 година за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 15.6.2022 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Благој Мицевски, костимограф и режисер, вработен во Народниот театар во Битола.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс и му го поднесува, на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Благој Мицевски е роден на 4.3.1968 година во Битола, каде ги завршува основното и средното образование. Во 1990 година кандидатот се запишува на Универзитетот во Загреб на Технолошкиот факултет, каде што ја завршува престижната Виша школа за дизајн на текстил и облека и се стекнува со стручна спрема од (VI /I) степен. Своето високо образование кандидатот го комплетира на Европскиот универзитет во Скопје, каде што се запишува во 2011 година на Факултетот за арт и дизајн, на кој дипломира со просек на школувањето со оценка 8,58, со што се стекнува со називот дипломиран дизајнер. Во 2014 година, кандидатот го завршува вториот циклус образование со магистерски студии на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје, со просечна оценка 9,27, на Факултетот за театарски уметности, со што станува магистер по театарска режија.

Кандидатот м-р Мицевски од 1993 година до денес е постојано вработен во НУ Народен театар - Битола. Првото работно место во овој театар, каде што ја гради кариерата, му е како костимограф, а по завршувањето на магистерските студии го менува работното место како режисер. Од 2012 до 2017 година кандидатот м-р Мицевски е избран за уметнички директор на Народниот театар во Битола. Во тој период театарот остварува голем број гостувања низ земјава и странство. Еден од најголемите успеси во историјата на театарот се случува под неговото уметничко водство: тоа е гостувањето на Културната олимпијада во Велика Британија во 2012 година, кога ансамблот на театарот, со претставата „Хенри

VI“ – трет дел, настапува на македонски јазик на сцената на престижниот „Shakespeare’s Globe Theatre“ во Лондон, во програмата на „Globe to Globe Festival“. Оваа програма е дизајнирана за потребите на Културната олимпијада и е замислена како можност сите дела на Шекспир, т.е. 37-те негови драми да се изведат на 37 различни јазици. Кандидатот м-р Мицевски, покрај функцијата на уметнички директор, е и костимограф на оваа претстава. Во периодот од 2015 до 2016 година кандидатот м-р Мицевски ја врши и функцијата в.д. директор на Народниот театар во Битола. Кандидатот м-р Мицевски во наставната сезона 2009/2010 год. работи како соработник од пракса за предметот Костимографија на Одделот за костимографија при Факултетот за театарска уметност, на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје. Од наставната сезона 2021/2022 година кандидатот работи како соработник од пракса за предметите Сценографија и Историја на костим, во наставната програма од втор циклус студии на Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“, чија настава се изведува во просториите на УГД во Скопје.

Кандидатот м-р Мицевски се занимава и со научноистражувачка дејност и во 2014 година го создава трудот „Без паника, театарска претстава и психодрамата како метод за креирање театарски ликови“, во кој опфаќа практични и теоретски истражувања на тематиката.

Своето стручно знаење и образование м-р Мицевски го надополнува со учество на различни работилници за усовршување во областа на театарскиот менаџмент и организација, како работилниците под наслов „Networking“ во Лече, Италија, во 2010 година и Колчестер, Англија, во 2011 година.

М-р Мицевски својата наставно-научна дејност ја остварува и како предавач на странски високообразовни институции: Универзитетот на Калифорнија во Санта Барбара, Универзитетот на Калифорнија во Лос Анџелес и Универзитетот на Калифорнија во Лонг Бич, САД, на кои кандидатот Мицевски во 1996 година одржува серија предавања на тема „Спецификите на костимографија во театарски претстави во Источна Европа“.

Својата уметничка дејност м-р Мицевски ја остварува во рамките на програмите на матичниот театар, во кој работи како костимограф на повеќе од сто претстави, а како режисер на петнаесет претстави. Кандидатот м-р Мицевски за својата работа има добиени 14 награди за најдобра костимографија на Фестивалот „Војдан Чернодрински“ и една за дизајн на театарска сценографија. М-р Мицевски како костимограф соработува со голем број етаблирани светски режисери, со кои работи во престижни театарски ансамбли во земјава и во странство, меѓу другите со „Словенско младинско гледалишче“ во Љубљана, Словенија; „Националната опера“ во Љубљана, Словенија; „Националната опера“ во Братислава, Словачка; „Современиот танцов театар 9“ во Пекинг, Кина; „Народно позориште“, Белград, Србија; „Народно позориште“ во Сараево, Босна и Херцеговина; „Кралскиот театар“ во Цетиње, Црна Гора; „Београдско драмско позориште“ во Белград, Србија, Народен театар во Приштина, Косово, „Новосадско позориште“ во Нови Сад и др.

М-р Мицевски активно соработува со кореографката Рисимкин на голем број нејзини претстави како костимограф и дизајнер на сцена, со што се стекнува со огромно искуство во изработка на костими и сценографии за танцови претстави.

**Општи услови за избор**

Кандидатот м-р Благој Мицевски има завршено соодветно високо образование од втор степен, односно магистерски студии од соодветната научна област на Факултетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА, со стручен назив Магистер по театарска режија и со просечна оценка 9,27.

Првиот циклус студии го завршува на Европскиот универзитет во Скопје и се стекнува со назив дипломиран дизајнер, со просечна оценка 8,58.

Реализира преку сто костимографски обликувања и сценографии за театарски продукции, но и за опери, балети, современи танцови претстави во земјата и во странство.

Реализира костимско обликување на филмовите „Како убив светец“ во режија на Теона Митевска и „Тајната книга“ на Владо Цветановски.

Добитник е на четиринаесет награди за најдобра костимографија на Националниот театарски фестивал „Војдан Чернодрински» и една награда за најдобра сценографија во претставата „Татко» на текст на Август Стринберг, во режија на С. Унковски.

Објавува научноистражувачки магистерски труд „Без паника - театарска претстава и психодрамата како метод за креирање театарски ликови“, во соодветната област.

Кандидатот има одлично познавање од англискиот јазик, кој течно го говори и пишува и може да држи настава на англиски јазик.

Препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област:

- Препорака од редовен професор на Европскиот универзитет, професор Јана Манева-Чуповска и

- препорака од редовен професор на Универзитетот Академија Прима, професор Дејан Пројковски.

**Посебни услови**

Кандидатот м-р Благој Мицевски реализира преку сто костимографски обликувања и сценографии за театарски продукции, но и за опери, балети, современи танцови претстави во земјава и во странство.

Од наставната сезона 2009/2010 год. работи како соработник од пракса за предметот Костимографија на Одделот за костимографија при Факултетот за театарска уметност на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА во Скопје.

Од наставната сезона 2021/2022 година работи како соработник од пракса за предметите Сценографија и Историја на костим, во наставната програма од втор циклус студии на Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“, чија настава се изведува во просториите на УГД во Скопје.

Има повеќе записи од уметнички претстави во кои е потписник на костимографијата, во прилог линкови од официјални видеозаписи:

**„Хенри VI“** – трет дел, „Shakespeare’s Globe Theatre“ во Лондон, како дел од програмата на „Globe to Globe Festival:
https://www.youtube.com/watch?v=eiDDKnPZfQ4

**„Македонска крвава свадба“** – Народен театар Битола
https://www.youtube.com/watch?v=uCjT8USonbA

**„Слугинки“** – Народен театар Битола
https://www.youtube.com/watch?v=pP9reSUX1Ss

**„Тајната книга“** – филм на Владо Цветановски
https://www.youtube.com/watch?v=tAcG6uqEFfY

Има повеќе записи од уметнички претстави во кои е потписник на режијата, во прилог линкови од официјални видеозаписи:

**„Без паника“** – Народен театар Битола
https://www.youtube.com/watch?v=y9XFJ9e6ufc

**„Трагичната љубов на една луда девојка“** – Народен театар Битола
https://www.youtube.com/watch?v=u_3nMQGEqgE

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 2014 година кандидатот Мицевски магистрира со трудот „Без паника - театарска претстава и психодрамата како метод за креирање театарски ликови“, базиран на практичната работа при создавање на претставата „Без паника“ во продукција на Народен театар Битола.

**Евалуација на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд со наслов „Без паника - театарска претстава и психодрамата како метод за креирање театарски ликови“ е базиран на процесот на создавање на претставата „Без паника“, за која е земен современиот драмски текст „Паника“ на финскиот писател Миха Мулуахо. Текстот на Мулуахо се занимава со проблемите на тројца средовечни мажи од различни природи и со различни професии и служи како појдовна точка за поставување на претставата, која Мицевски, во режиска смисла, ја базира на истражување. Во

магистерскиот труд кандидатот Благој Мицевски теоретски се занимава со влијанието на психодрамата врз актерите во процесот на создавање ликови на сцената, за чиј пример го зема процесот на создавање на претставата „Без паника“ на сцената на Народниот театар во Битола. Кандидатот Мицевски при изработка на претставата и трудот спроведува низа работилници, во кои соработува со психологот д-р Сашо Кочанковски. Во истражувањето уметниците-изведувачи (актерите), инспирирани од темата на текстот на Мулуахо, раскажуваат лични приказни. За да се артикулираат содржините на приказните, Мицевски соработува и со драматургот Биљана Крајчевска, која приказните ги преточува во текст, во вид на монолози. Овие текстови на изведувачите Мицевски ги вметнува во крајот на претставата, како долги поединечни документарни монолози, што е режисерски потег со кој ја крунисува претставата. Овој пристап е своевиден пионерски чекор во македонскиот театар, кој е во тек со тогаш актуелната појава на создавање таканаречен документарен театар.

По објавениот магистерски труд, Мицевски премиерно ја изведува претставата „Без паника“ на сцената на Народниот театар во Битола, како практичен дел од магистрирањето, со што тој ги реализира сите фази во заокружување на своето образование и надградба на втор циклус студии.

Претставата „Без паника“ доживува голем успех, во 2014 година ја освојува наградата за најдобра претстава на Фестивалот за комедија „Гола месечина» во Скопје, а во 2008 година е изведена и во Музејот на Достоевски во Санкт Петербург, Русија. На матичната сцена оваа претстава се изведува повеќе од сто пати, со што станува една од трите најизведувани претстави во историјата на Народниот театар во Битола, по претставите „Свадбата на Мара» во режија на Љубиша Ѓоргиевски и „Чрна Дупка» во режија на Бранко Брезовец.

Кандидатот м-р Благој Мицевски како режисер има реализирано 15 театарски претстави, од кои ги издвојуваме следниве:

**1. „Повест за Соњечка»** - претстава за која во 2004 година актерката Ѕвездана Ангеловска, која ја толкува насловната улога, ја добива Наградата за најдобра актерка „Ристо Шишков“ на истоимениот фестивал.

**Евалуација на авторското дело**

Наслов на текстот: „Повест за Соњечка“ од Марина Цветаева, Русија
Праизведба: Центар за култура, Битола, 2004 година
Режија: Благој Мицевски
Музика: Маријан Нечак
Костими: Благој Мицевски
Сценографија: Благој Мицевски
Кореографија: Рисима Рисимкин
Настапиле: Звездана Ангеловска, Габриела Петрушевска и Маријан Нечак

**Опис на делото**

Преку истражувањето во областа на поетскиот и танцовиот театар, режисерот суптилно и емотивно го прикажува животот на славната поетеса, но и нејзиниот специфичен однос кон актерката Соња, за што всушност зборува и романот кој е специјално адаптиран за оваа претстава.

**„Среќен крај» -** претстава која се играше на „Ако фестивалот“ во Ако, Израел, и во познатиот „Камери театар“ во Тел Авив, Израел.

**Евалуација на авторското дело**

Наслов на текстот: „Среќен крај“ од Идо Нетанјаху, Израел
Праизведба: Народен театар Битола, 2013 година
Режија: Благој Мицевски
Музика: Александар Стефановски
Костими: Благој Мицевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Настапиле: Огнен Дранговски, Кристина Христова, Викторија Степановска, Александар Копања, Маријан Гјоргиевски и Катерина Аневска

**Опис на делото**

Преку истражувањето во камерната и документарната театарска форма, режисерот ја раскажува судбината на едно еврејско семејство пред појавата на нацизмот во Берлин. Користени се архивски снимки за видеопроекции, музиката се изведува во живо и се употребени авторски текстови на актерите инспирирани од темата на претставата.

**„Зошто остануваме во провинција**» - претстава работена според текстот „Три сестри» од Чехов, реализирана во Кралскиот театар во Цетиње, Црна Гора.

**Евалуација на авторското дело**

Наслов на текстот: „Три сестри“ од Антон Павлович Чехов, Русија
Праизведба: Кралски театар Цетиње, Црна Гора, 2014 година
Режија: Благој Мицевски
Музика: Вера Николиќ
Костими: Благој Мицевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Настапиле: Маша Лабудовиќ, Ана Вујошевиќ, Марија Џуриќ и Омар Бајрамспахиќ

**Опис на делото**

Авторите и учесниците во овој театарски проект ги истражуваат мотивите за останување во провинција или напуштање на истата, сето тоа преку судбините на трите сестри и брат кои никогаш не успеале од провинцијата да заминат за Москва.

**„Најпосле крај»** - претстава за која во 2011 година актерот Александар Копања доби специјална награда на Фестивал за монодрама „Моноакт“ во Приштина, Косово

**Евалуација на авторското дело**

Наслов: „Најпосле крај“ од Питер Турини, Австрија
Праизведба: Народен театар Битола, 2006 година
Режија: Благој Мицевски
Музика: избор на музика
Костими: Благој Мицевски
Сценографија: Благој Мицевски
Настапил: Александар Копања

**Опис на делото**

Преку постојани трансформации на актерот, кој поминува низ најзначајните моменти од својот живот, режисерот ги истражува мотивите за евентуалното враќање од патот кој води кон самоубиство на единствениот протагонист.

**„Тој\Таа”** - претстава според Сонетите на Шекспир реализирана со актери од Македонија и од Америка која имаше свои изведби на „Шекспир фестивалот“ во Битола и во „Музеј на Санта Барбара“ во Санта Барбара, САД.

**Евалуација на авторското дело**

Наслов на текстот: „Сонети“ од Вилијам Шекспир, Велика Британија
Праизведба: Народен театар Битола, 2015 година
Режија: Благој Мицевски
Музика: избор на музика
Костими: Благој Мицевски
Сценографија: Благој Мицевски
Настапиле: Соња Михајлова и Мајкл Бернард

**Опис на делото**

Врз основа на познатите сонети од Шекспир, авторот создава интимна исповед на актери од различни поднебја (САД и Македонија), чии секојдневни рутини и животи се прикажуваат на видеа снимени во нивните автентични домови.

**„Најлон"** - претстава реализирана во соработка со танчарот и кореограф Валентино Апостоловски, изведена во рамки на „Танц фест Скопје 2021" и „Фестивал на монодрамата" во Битола.

**Евалуација на авторското дело**
Наслов: „Најлон"
Праизведба: Танц фест Скопје, 2021
Режија: Благој Мицевски
Кореографија: Валентино Апостоловски
Музика: Александар Димовски
Костими: Благој Мицевски
Сценографија: Благој Мицевски
Настапил: Валентино Апостоловски

**Опис на делото**
Во оваа претстава режисерот за првпат го истражува јазикот на танцот преку кој сака да ја прикаже рамнодушноста на природата кон човековите судбини. За таа цел, покрај кореографијата, создаден е видеоматеријал, чие дејствие се одвива на повеќе локации. Претставата, исто така, има за цел да ја поттикне и еколошката свест кај публиката.

**„Мајка"** – претстава со ансамблот на Народниот театар во Битола, на текст на актуелниот француски автор Флоријан Зелер, кој првпат се поставува во Македонија.

**Евалуација на авторското дело**
Наслов на текстот: „Мајка" од Флоријан Зелер, Франција
Праизведба: Народен театар Битола, 2022 година
Режија: Благој Мицевски
Музика: Александар Димовски
Костими: Благој Мицевски
Сценографија: Валентин Светозаров
Настапиле: Соња Михајлова, Петар Горко, Марија Стефановска и Антонио Китановски

**Опис на делото**
Современиот француски текст се занимава со проблемите на една возрасна жена во семејството, кои режисерот на доста минималистички, но експресивен театарски јазик успева да ги пренесе на сцената. Снимени се видеоматеријали, кои се користат како навраќање во минатото или пак како илустрација за сегашноста.

**Објавен труд**
2019 - Магистерски труд/претстава „Без паника - театарска претстава и психодрамата како метод за креирање театарски ликови".

**Евалуација на магистерскиот труд**
Магистерскиот труд со наслов „Без паника - театарска претстава и психодрамата како метод за креирање театарски ликови" е базиран на процесот на создавање на претставата „Без паника", за која е земен современиот драмски текст „Паника" на финскиот писател Миха Мулуахо. Текстот на Мулуахо се занимава со проблемите на тројца средовечни мажи од различни природи и со различни професии и служи како појдовна точка за поставување на претставата, која Мицевски, во режиска смисла, ја базира на истражување. Во магистерскиот труд кандидатот Благој Мицевски теоретски се занимава со влијанието на **психодрамата** врз актерите во процесот на создавање ликови на сцената, за чиј пример го зема процесот на создавање на претставата „Без паника" на сцената на Народниот театар во Битола. Кандидатот Мицевски при изработка на претставата и трудот спроведува низа работилници, во кои соработува со психологот д-р Сашо Кочанковски. Во истражувањето уметниците-изведувачи (актерите), инспирирани од темата на текстот на Мулуахо,

раскажуваат лични приказни. За да се артикулираат содржините на приказните, Мицевски соработува и со драматургот Биљана Крајчевска, која приказните ги преточува во текст, во вид на монолози. Овие текстови на изведувачите Мицевски ги вметнува во крајот на претставата, како долги поединечни документарни монолози, што е режисерски потег со кој ја крунисува претставата. Овој пристап е своевиден пионерски чекор во македонскиот театар, кој е во тек со тогаш актуелната појава на создавање таканаречен документарен театар.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Последните десет години од активната работа на кандидатот м-р Благој Мицевски во областа на театарот, операта и танцот, покрај постојаниот ангажман во Битолскиот театар, ја одбележуваат континуираните тимски соработки со режисерот Диего Де Бреа од Словенија, со кој работи во повеќе различни театарски ансамбли од регионов, како и соработката со кореографката Рисима Рисимкин и „Скопје танцовиот театар“.

Со режисерот Диего Де Бреа, кандидатот м-р Мицевски реализирал костимографии за оперите:

1. „**Дон Џовани» од Моцарт** со Националната опера во Љубљана, Словенија, премиерно изведена на 25.1.2018 година;
2. „**Ромео и Јулија»** со Опера Братислава, Словачка / премиерно изведена 14.5.2017 година;
3. „**Дон Карлос» од Верди** со Опера Братислава, Словачка / премиерно изведена 20.10.2018 година.

И театарските претстави:

1. **„Тугомер”** со ансамблот на Драма Љубљана, Словенија;
2. **„Арнож и неговите»** со Драма Љубљана, Словенија;
3. **„Крајот на играта»** во Драма Љубљана, Словенија;
4. **„Големиот диктатор»** во Драма Љубљана, Словенија;
5. **„Антигона”** во Народно позориште, Белград, Србија;
6. **„Крал Лир»** во Националниот театар Сараево, БиХ;
7. **„Цар Едип»** во Националниот театар Сараево, БиХ;
8. **„Отело”** во Народен театар Битола, Македонија;
9. **„Злосторство и казна»** во Народен театар Битола, Македонија;
10. **„Лет над кукавичкото гнездо»** во Кралскиот театар во Цетиње, Црна Гора;
11. **„Крал Лир»** во Турскиот театар во Скопје, претстава победник на фестивалот „Војдан Чернодрински“ во Прилеп.

М-р Мицевски, во долгогодишната соработка со режисерот Де Бреа, како костимограф развива своја препознатлива таканаречена „ноар» естетика, која преку минимални изразни средства придонесува за максимален ефект при сценската реализација на секое театарско дело или опера. Токму поради таа естетика, овој авторски тим е чест гостин на многу сцени во регионов.

Во областа на танцот, пак, значајна е неговата соработка со кореографката Рисима Рисимкин, со која соработува во безмалку сите нејзини кореографии. Тука ги издвојуваме:

1. **„Идентитети – Историја на еден растегнат сон“** со „Скопје танцовиот театар“, претстава која се изведе три пати на сцената на Националниот театар за современ танц „Шајо“ во Париз, Франција, во 2022 година;
2. **„Котел**“ со „Скопје танцовиот театар“, претстава која се изведе на „Holland Dance Festival“ во Хаг, Холандија, „Battery Dance Festival“ во Њујорк, САД и „Maritime Silkroad festival“ во Чуанџо, Кина во 2018 година;
3. **„Егзистирање“** со „Скопје танцов театар“, претстава која се изведе на „Интернационалниот фестивал за танц“ во Пекинг, Кина во 2018 година;
4. **«Р.Е.М. – Низа од соништа»,** со државната компанија „Современ танцов театар 9“ од Пекинг, Кина во 2016 година;
5. **„СМС (Сите мои слики)“** со „Скопје танцовиот театар“, претстава која се изведе на

најголемиот Фестивал за музика и танц, „Средба во Пекинг“ во Пекинг, Кина, во 2015 година;

6. **„Надеж”** со Националниот балет од Анталија, Турција, во 2013 година, претстава која се изведе на „Танц фест Скопје 2013“;
7. **„Саморог”** со Националниот балет Љубљана, Словенија, во 2010 година, претстава која се изведе на фестивалот „Љубљана фестивал“;
8. **„Третиот”** со танчари од Танцовата академија од Ротердам, Холандија, во 2010 година, претстава која се изведе на „Танц фест Скопје 2010“;
9. **„Леди Магбет»** со Националниот балет при МОБ, премиера во рамки на Фестивалот „Охридско лето“ во 2001 година;
10. **„Свадба”**, независен проект, премиерно изведен во театарот „Лофт“ во Лајпциг, Германија, во рамки на фестивалот „Еуросцена“ во 1998 година;
11. **„Вакуум“**, независен проект, премиерно изведен во 1996 година, а изведен и на Фестивалот ФИАТ 1998 година во Подгорица, Црна Гора.

Во тимската соработката со Рисимкин на голем број кореографии и соработка со танчари од земјава и од светот, м-р Мицевски создава специфичен и експресивен уметнички дизајн, кој плени со својата софистицираност, која ја препознаваат домашните и странски критичари. Некогаш тоа е изборот на материјалот, некогаш формата, честопати и бојата, елементи кои доминираат во визуелниот изглед на претставата, но секогаш го истакнуваат телото на играчот и кореографскиот текст на кореографот.

Кандидатот м-р Благој Мицевски соработувал со голем број други режисери и кореографи од регионот и од странство, но тука ги издвоивме соработките кои го профилираат неговиот авторски уметнички израз.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

М-р Благој Мицевски е режисер во Националната установа Народен театар Битола, каде што работи и како костимограф. Во досегашното плодно триесетгодишно искуство, м-р Мицевски се профилира како извонреден уметник, кој остава голем печат и чии успеси и признанија го поставуваат во рангот на најголемите уметници, кои делуваат со префиксот најдобри, во полето на театарскиот дизајн, т.е. во работата како костимограф и сценограф. Неговите дизајни го достигнуваат нивото на впечатлив и уникатен уметнички израз, кој многупати до сега бил предмет на истражување, но исто така и многупати наградуван за посебен уметнички придонес и професионализам. Неговата обемна работа ги опфаќа сите сфери на театарот, операта, танцот и филмот, како и самостојни и групни претставувања преку изложби. М-р Мицевски одамна ги надминува рамките на регионалното делување, во моментов, тој е еден од најзначајните костимографи во регионот и пошироко. Во 2022 година работи на пет проекти, во пет различни театарски центри како: Нови Сад, Белград, Сараево, Љубљана и Приштина, како и на негова авторска претстава во Битола. Оваа година м-р Мицевски по четиринаесетти пат годинава е добитник на Награда за најдобра костимографија, на фестивалот „Војдан Чернодрински“, што го прави уметник со најмногу награди во историјата на овој фестивал. Својата научно-наставна дејност кандидатот м-р Мицевски ја остварува преку учество на семинари, симпозиуми и работилници во земјава и во странство; кандидатот работи како соработник од пракса (инструктор), за практичниот дел по предметот Костимографија на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк; а воедно е и чест гостин-предавач во средното текстилно училиште во Битола на учениците по моден дизајн. М-р Мицевски е соработник од пракса за предметите Сценографија и Историја на костим *на* магистерските студии од втор циклус студии на Катедрата за современ танц, Филмска академија, Универзитет „Гоце Делчев“.

Го реализирал магистерскиот труд „Без паника - театарска претстава и психодрамата како метод за креирање театарски ликови“, со теоретски и практичен дел, со што станува режисер и веќе работи на значајни проекти и во таа област.

М-р Мицевски во повеќе наврати одржува работилници и презентација на

универзитетите во Санта Барбара, Лос Анџелес и Лонг бич, во Калифорнија, САД, каде што студентите ги запознава со современите текови во театарскиот дизајн кај нас и во регионот.

Во предавањата м-р Мицевски остварува непосреден однос со студентите, кои во голем број присуствуваат на неговите работилници. Преку специфичниот начин на предавања, посветеноста во развојот на имагинативноста и креативност кај студентите, м-р Мицевски успева да создаде одлична комуникација со студентите, со што се истакнува како предавач. Во своите уметнички креации како костимограф, сценограф и режисер, м-р Мицевски покажува исклучителен уметнички потенцијал и талент, за што добива голем број признанија на домашната и светската сцена на изведувачки уметности.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Благој Мицевски ги има остварено потребните поени, во својата долгогодишна работа, односно вкупно поени од НИ - СУ + СА - ОР = 231 поени.

Врз основа на изнесените факти и податоци, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филмската академија при УГД - Штип да го избере кандидатот м-р Благој Мицевски во наставно-научно звање насловен доцент за наставно-научната област театрологија (сценски движења и танци) - современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Рисима Рисимкин**, редовен професор за група предмети од обласста на танцот, вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател, с.р.
**Д-р Соња Здравкова-Џепаровска**, редовен професор од наставно-научната област танцова уметност (историја на танцова уметност, карактерни игри, теорија на изведбата, сценски движења), вработена на Катедрата за балетска педагогија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член, с.р.
**М-р Антонијо Китановски**, редовен професор од наставно-научните области џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Настапи на официјални концерти/ претставиі | 11x3 | 33 | 4x6 | 24 | **57** |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | **4** |
| | Член на научен одбор/фестивал | 6x1 | 6 | | | **6** |
| | Самостојни настапи со авторски дела | 15x6 | 90 | 3x10 | 30 | **120** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **187** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Стручни награди и признанија | 14x4 | 56 | | | **56** |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **243** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**„ДИНАМИЧНА КОМПЛЕКСНОСТ НА МЕНАЏМЕНТ КОМУНИКАЦИЈАТА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕХАНИЗМИ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ“**

**Основни податоци за кандидатот и дисертацијата**

Горан Митев е роден на 15.11.1983 година во Кавадарци, Република Македонија. Во Кавадарци завршува основно и средно образование. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економски факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола, насока Маркетинг менаџмент, каде што ги завршува и постдипломските студии и добива звање магистер по економски науки, насока Маркетинг менаџмент.

Во 2015 година се запишува на докторски студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на Економскиот факултет на насока Деловна (бизнис) економија, каде што се вклучува во наставата. Кандидатот ги има завршено испитите на докторските студии.

*Вработување*

Прво вработување е како управител на сопствена компанија во 2002 година, којашто се занимава со производство и трговија. Денес е сопственик и управител на неколку компании како што се: Финансиско друштво „Селект фајнанс“ кое се занимава со факторинг, одобрување кредити, издавање на кредитни картички издавање на гаранции, Компанијата „Ролис ГМ“ ДООЕЛ во Кавадарци, којашто е меѓу најголемите увозници на никелова руда и јаглен во државата.

За време на своето работно искуство професионално се надградува со учествува на проекти и научноистражувачки проекти, а зад себе има и значајни учества на меѓународни конференции и други стручни настапи, обуки и трудови издадени во списанија од релевантни меѓународни бази.

*Објавени трудови*

Рецензирани научноистражувачки трудови кои се резултат на истражувањата во рамките на изработката на докторската дисертација, објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

1. Публикација во списание со меѓународна рецензија -

„The impact of integrated marketing communications“. Трудот е објавен во KNOWLEDGE - International Journal Vol . 43, 2020 година, стр.1155-1160 во Скопје.

2. Публикација во списание со меѓународна рецензија – IV семестар,

„Менаџерскиот процес во функција на остварување на организациските цели“, Institute of International Politics and European Studies, The Heritage: 143-156, ISSN 1857-7482, Nr. 23, 2020

3. Публикација во списание со импакт фактор –IV семестар, ЕКТС 10

“THE IMPORTANCE OF MANAGEMENT IN CREATING A BRAND IN THE FOOD INDUSTRY” 30th International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, Vrnjačka Banja, Serbia, 2021

4. Публикација во зборник на трудови на Меѓународен научен собир -

„Добрите комуникациски вештини во координација со управувачките механизми во економскиот развој“, Institute of International Politics and European Studies, The Heritage: 155-164, ISSN 1857-7482, Nr. 25, 2021

5. Публикација во зборник на трудови на домашен научен собир - V семестар,

„Spc technigues in the non – manufacturing areas “, UGD, Journal of Economics: 54-64, ISSN 1857-9973, Nr. 6, 2021

6. Публикација во зборник на трудови на меѓународен научен собир - V семестар,

Трудот е објавен во Eurasian Studies in Business and Economics 10/1, стр.389-408

Докторската дисертација е презентирана на 197 страници и ги содржи следните делови: вовед, правилното менаџирање како фактор за успешност на организацијата, организациска комуникација, динамична комплексност и ефективно деловно комуницирање, ефективни комуникациски техники и вештини, емпириски дел, заклучоци и препораки, листа на графикони и табели, користена литература. Докторскиот труд содржи 34 табели, 31 слика и 18 графикони. Користената литература брои 91 библиографски единици.

**2. Предмет и цел на дисертацијата**

Главните цели на истражувањето во овој докторски труд се однесуваат на:

- анализа на поимот динамична комплексна комуникација за што поконкретна анализа на нејзината улога во постигнувањето на организациските цели;
- согледување на значењето, важноста и корисноста на различните вештини за деловно комуницирање, како начин за постигнување ефективна меѓусебна соработка и конкурентска предност;
- согледување на значењето, важноста и корисноста на вештините за деловно комуницирање во современите услови на глобална економија.

Истражувањето во овој докторски труд се заснова на хипотезата вложувањата во динамична комплексност на менаџмент комуникацијата.

Со други зборови, поголемо вложување во динамична комплексност на менаџмент комуникацијата (зголемување на продуктивноста на следните генерации) има позитивна асоцијација за реализација на механизми на управување во економскиот развој.

Како независна варијабла е дадена комплексноста на менаџмент комуникацијата, а како зависни варијабли се компонентите и развојот на механизмите за управување во економскиот развој.

**3. Основни хипотези од кои се поаѓало во истражувањето**

Врз основа на светската литература и добиените сознанија до тогаш, кандидатот на почетокот при пријавата на темата ги поставува следниве хипотези:

**Хипотеза 1:** Генерална хипотеза - Динамична комплексност на менаџмент комуникацијата создава услови и позитивни практики за реализација на механизми на управување во економскиот развој.

**Хипотеза 2:** Ефективната организациска комуникација се фокусира на отворени и директни односи меѓу вработените и менаџерите во организациите, притоа резултирајќи со подобрување на нивната посветеност, продуктивност и организациски резултати.

**Хипотеза 3:** Ефективната организациска комуникација ја зголемува мотивацијата на членовите на организациите, односно вработените и менаџерите.

**Хипотеза 4**: Надминувањето на хиерархиските нивоа, кои даваат можност за искривување и задржување на пораките, со себе носи бенефиции за организацијата која може да делува брзо и ефикасно.

**Хипотеза 5**: Динамиката на новото време подразбира дека организациите бараат вработени кои можат да се приспособуваат, да бидат иновативни и флексибилни во начинот на извршување на работните активности.

**Хипотеза 6**: Преку ефективна организациска комуникација се засилува лојалноста, довербата и посветеноста кон организацијата и работните задачи, а се зголемува и задоволството на вработените.

**Хипотеза 7**: Перформансите и бизнис придонесот на информациската и комуникациската технологија за многу организации во светот се покажуваат како рентабилен и ефикасен пристап.

**Хипотеза 8**: Вработените кои комуницираат преку разни алатки од информациска и комуникациска технологија добиваат поефикасна поддршка за тимска соработка.

**Хипотеза 9**: Не континуираното развивање на комуникациските вештини е неприфатливо за секоја организација која се стреми за постојано подобрување на квалитет на услугата, репутацијата, целокупните резултати и успеси меѓу конкуренцијата.

Во текот на дисертацијата, кандидатот работи и појаснува поими и процеси кои имаат влијание и значење за да се увиди прифаќањето на хипотезите.

**4. Краток опис на содржината на дисертацијата**

Во првата глава со наслов *Правилното менацирање како фактор за успешност на организацијата*, дефиниран и образложен е поимот комуникација, а потоа елабориран е комуникацискиот процес и формите на комуникација. Следно, комуникацијата е истражена како суштински значајна менаџерска вештина, односно, објаснето е значењето на комуникацијата во современите организации, функциите на организациската комуникација и посебно е нагласено зошто менаџерите треба да имаат развиени самите за себе, но и да им помогнат на другите вработени да развијат квалитетни комуникациски вештини за да бидат добри комуникатори. Направен е и ризичен осврт, односно, истражени се и опструкциите и предизвиците со кои се соочуваат организациите и притоа елаборирани се важните дистрактори и начините на коишто менаџерите во современите организации управуваат со конфликтите коишто настануваат, применувајќи добри комуникативни техники и стратешки пристапи.

Во втората глава со наслов *Организациска бизнис комуникација*, детално е образложено дека менаџментот на човечки ресурси и организациското однесување постепено се свртуваат кон важноста и усовршувањето на динамичната комплексност и ефективното деловно комуницирање, како еден од начините преку кои се помага постигнувањето конкурентска предност и зголемувањето на успешноста на компанијата. На интерно ниво, добрите вештини за комуницирање придонесуваат за воспоставување добри меѓучовечки односи помеѓу вработените, но и на релација вработени – менаџери. Добрата комуникација помага при создавањето на успешна деловна средина и организациска култура каде што постои меѓусебно преферирање добри вештини за деловно комуницирање за повисока ефективност на економските перформанси на организацијата. Во новата ера на рапидни промени нема организација каде што не се цени создавањето на тимската работа и не се цели кон искористување на позитивните ефекти од успешната тимска работа врз ефикасноста на организацијата. Добрите вештини за комуницирање го овозможуваат тоа, овозможуваат механизми за управување во економскиот развој.

Во третата глава со наслов динамична комплексност и ефективно деловно комуницирање елаборирани се позитивните практики на ефективните комуникациски вештини и техники, како и нивното унапредување и користење во интерес на постигнување на поголем успех во работењето на организацијата и притоа детално е објаснето дека Како што организациите стануваат сè повеќе формализирани, така се зголемува потребата од нивно институционализирање и почитување на строго определени форми во секојдневното работење, а особено се зголемува потребата од почитување на разни законски норми и правила, што подразбира мноштво пишувани документи, со точно определена форма и тоа значи дека за деловното комуницирање, пишувањето како вид комуникација е исто толку важно како и секој друг вид комуникација и поради тоа заслужува еднаков осврт како комуникациска вештина, од аспект на негово планирање и организирање, со цел преку градењето на ефективен стил на деловно пишување да се оформат што е можно поефективни деловни документи.

Во четвртиот дел разработена е хипотетска рамка во која генералната хипотеза „Динамична комплексност на менаџмент комуникацијата создава услови и позитивни практики за реализација на механизми на управување во економскиот развој" е развиена во седум посебни хипотези. Прецизноста на овој дел оди до таму што секоја хипотеза ќе биде поделена на варијабли, а ќе бидат наведени и индикаторите врз база на кои се докажуваат варијаблите, а со тоа и самите хипотези во интерес на потврдување или отфрлање на претпоставките поставени во истражувањето. Тука е дадена анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето на ефектите од развојот на динамичната комплексност на комуникацискиот процес врз економскиот раст во Република Северна Македонија. Во овој дел е даден изборот на променливите кои се составен дел на економетриската анализа за докажување на поставените хипотези.

Консултираната теорија тука ги објаснува најважните променливи и нивната насока на делување. Во истражувањето се користени податоци добиени од секундарни извори, кои се протегаат во одреден временски интервал. За остварување на основната цел, евалуација на ефектите на динамична комплексност на менаџмент комуникацијата врз економскиот раст

користени се повеќе променливи и тоа: детерминантите кои го конституираат индексот на динамична комплексност на менаџмент комуникацијата (зависни променливи) и бруто домашниот производ (независна променлива). Анализа, толкување и интерпретација е дадена за сите добиени резултати во текот на истражувањето.

За визуализација на истите има и поддршка од хистограмско прикажување на податоците. Следниот поддел се занимава со коментари и насоки кон кои укажуваат добиените резултати. Во овој дел резултатите се групирани во интерес на добивање сознанија за секоја посебна варијабла која во претходниот дел на трудот произлегоа од хипотетската рамка на истражувањето, а со тоа и во интерес на докажување на поставените хипотези. Овој дел исто така изобилува со графикони и хистограми.

Во заклучниот дел на докторскиот труд ќе бидат истакнати сознанијата до кои се дојде со спроведеното истражување и тоа како генерално согледување, но и расчленето по сегментите на истражувањето, односно заклучоците на кои укажуваат посебните и поединечните хипотези со нивните варијабли.

На крајот на докторскиот труд, како што прилега, презентиран е попис на странска и домашна библиографија користена при создавање на докторскиот труд.

Во прилог на трудот во целост сместени се истражувачките инструменти кои се користени во текот на истражувањето, како и табеларен приказ на добиени конечни резултати во секој дел на истражувачката постапка. Табеларен приказ е прикажан и за групирани податоци во интерес на докажување на варијаблите, а со тоа и на хипотезите.

**5. Методи кои се применети во истражувањето**

За правилно истражување и добивање на точни и конкретни информации кандидатот се има потпрено најпрво на секундарните извори на истражување, од каде се добива основата и идејата за развивање на заклучоците. Понатаму, се користи структурен модел. Со оглед на тоа што структурниот модел се базира на квалитативни променливи, кои не можат лесно да се изразат низ бројки, нивно квантифицирање се врши врз база на оценка на мерен (факторски) модел, при што анкетните прашања се групирани на ниво на променлива и се врши оценка на тој факторски модел врз основа на корелациите помеѓу добиените одговори на анкетните прашања. Од статистичка гледна точка, мерниот модел се базира на ПРОМАКС методот на коса ротација, како и на методот на најголема веројатност за екстракција на факторите. Оценката на мерниот модел е составена од два чекора, и тоа истражувачка факторска анализа и потврдна факторска анализа. Истражувачката факторска анализа се користи за добивање на генерален увид во структурата на факторскиот модел, додека пак потврдната факторска анализа се користи за проверка на неговата валидност и веродостојност, како и за извлекување на добиените вредности за квалитативните фактори, односно т.н. латентни променливи. По конечната оценка на мерниот модел извлечени се вредностите за променливите од интерес, кои потоа се користат при оценка на структурниот модел. Оценката на структурниот модел спаѓа во рамката на т.н. „моделирање на структурни равенки“ (анг. Structural Equation Modeling – SEM), што опфаќа низа статистички и економетриски методи и модели, вклучувајќи ја и оценката на мерниот модел како што беше објаснето погоре. Првичната оценка на структурниот модел, согласно со претпоставениот теоретски модел, покажа одредени статистички незначајни врски, кои пак водеа кон тоа моделот во целост да не ги исполнува претпоставките за валидност и веродостојност (релевантните статистички индикатори не беа на посакуваното ниво). Конкретно, статистички незначајни беа 3 од вкупно 4 врски од егзогените кон ендогените променливи, и тоа: од променливата „повратна врска“ кон „динамичната комплексност“; како и од променливите „менаџмент на промени„ и „доверба во менаџментот“ кон „менаџмент комуникацијата“. Оттука, ваквите незначајни врски се отстранети од моделот и е направена нова оценка, при што новиот оценет модел има значително подобри перформанси и во целост ги исполнува претпоставките за валидност и веродостојност.

**6. Реализирани резултати и научниот придонес**

Врз основа на емпириските докази, преглед на литературата и други извори и инструменти што се користени од кандидатот во оваа докторска теза, осумте поставени хипотези се потврдени.

Заклучокот од докторската дисертација е дека хипотезите (Х1.Ефективната организациска комуникација се фокусира на отворени и директни односи меѓу вработените и менаџерите во организациите, притоа резултирајќи со подобрување на нивната посветеност, продуктивност и организациски резултати.

Х2. Ефективната организациска комуникација ја зголемува мотивацијата на членовите на организациите, односно вработените и менаџерите.

Х3. Надминувањето на хиерархиските нивоа, кои даваат можност за искривување и задржување на пораките, со себе носи бенефиции за организацијата која може да делува брзо и ефикасно.

Х4. Динамиката на новото време подразбира дека организациите бараат вработени кои можат да се приспособуваат, да бидат иновативни и флексибилни во начинот на извршување на работните активности.

Х5. Преку ефективна организациска комуникација се засилува лојалноста, довербата и посветеноста кон организацијата и работните задачи, а се зголемува и задоволството на вработените.

Х6. Перформансите и бизнис придонесот на информациската и комуникациската технологија за многу организации во светот се покажуваат како рентабилен и ефикасен пристап.

Х7. Вработените кои комуницираат преку разни алатки од информациска и комуникациска технологија добиваат поефикасна поддршка за тимска соработка.

Х8. Не континуираното развивање на комуникациските вештини е неприфатливо за секоја организација која се стреми за постојано подобрување на квалитет на услугата, репутацијата, целокупните резултати и успеси меѓу конкуренцијата) од добиените податоци покажуваат позитивно влијание врз економскиот развој во нашата држава.

**Значење и придонесот на докторската дисертација од аспект на актуелната состојба во научната област:**

Главната придобивка на оваа теза е фактот што се добиени податоци од истражувањето во овој докторски труд кои укажуваат на фактот дека работната позиција, помеѓу менаџерите и вработените постојат значајни разлики единствено кај променливите „конфликт“ и „динамична комплексност“, при што менаџерите имаат во просек повисоки одговори од вработените. Анализата понатаму доведе до заклучок дека колку е поголем деловниот субјект, толку е поголема перцепцијата на вработените во контекст на „доверба во менаџментот“. Со други зборови, испитаниците кои работат во големи деловни субјекти во просек имаат повисоки вредности од оние вработени во деловни субјекти со средна големина, додека пак испитаниците од малите претпријатија имаат најниски просечни вредности на дадените одговори во врска со променливата „доверба во менаџментот“.

Согласно со поставениот теоретски структурен модел, се претпоставува статистички значајна врска во насока од „динамичната комплексност“ кон „менаџмент комуникацијата“ и кон „економскиот развој“, како и од менаџмент комуникацијата“ кон „економскиот развој“, како ендогени променливи во моделот. Дополнително, како егзогени променливи се земени променливите „конфликт“ и „повратна врска“, кои се претпоставува дека имаат статистички значајно влијание врз „динамичната комплексност“, како и променливите „менаџмент на промени“ и „доверба во менаџментот“, кои се претпоставува дека имаат статистички значајно влијание врз менаџмент комуникацијата.

**7. Заклучок**

Комисијата според своите констатации дава оценка дека кандидатот, преку користење на релевантна научна методологија, стручна и корисна литература успеал да ја изработи поставената тема. Докторската дисертација ја изработил согласно со она што го има поднесено во Пријавата на тема, која е одобрена од страна на Наставно-научниот совет на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип. Се констатира дека целта на истражувањето е постигната и дисертацијата е резултат на самостојна работа на

кандидатот. Забележувајќи ги длабочината и опсегот на анализа, добиените и анализирани резултати кои се изложени во дисертацијата може да се констатира дека станува збор за оригинален, автентичен и самостојно изработен труд на кандидатот кој ќе има големо значење за оваа област.

Според она што е изложено претходно, каде што се увидува квалитетот и значењето на оваа дисертација и резултатите претставени во неа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да ја прифати и одобри јавната одбрана на докторската дисертација на кандидатот Горан Митев.

**Членови на Комисија**

**Проф. д-р Ристе Темјановски – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Оливера Ѓорѓиева-Трајковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Златко Бежовски, член, с.р.**
**Проф. д-р Каролина Илиеска, екстерен ментор, с.р.**
**Проф. д-р Еленица Софијанова, интерен ментор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРОГНОСТИЧКА УЛОГА НА СРЦЕВИТЕ БИОМАРКЕРИ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО МИОКАРДЕН ИНФАРКТ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 0206-572/2 донесена на својата 59. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од 21.9.2022 година, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Прогностичка улога на срцевите биомаркери кај пациентите со миокарден инфаркт“,** пријавена и изработена од кандидатот м-р д-р Александар Серафимов, во состав:

- **проф. д-р Милка Здравковска** - претседател
- **проф. д-р Марија Вавлукис** - интерен ментор, член
- **проф. д-р Сашко Кедев** - екстерен ментор, член
- **проф. д-р Гордана Камчева Михаилова** - член
- **проф. д-р Јорго Костов** - член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов „Прогностичка улога на срцевите биомаркери кај пациентите со миокарден инфаркт“ од кандидатот м-р д-р Александар Серафимов претставува самостоен оригинален научноистражувачки труд, изработен на 154 страници, со фонт и проред според пропозициите за изработка на докторски труд, согласно со Правилникот за трет циклус студии на УГД. Во дисертацијата, во поглавјето Резултати, презентирани се вкупно 11 табели и 17 графикони. Трудот ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и на англиски јазик, Вовед, Мотив, Цели на истражувањето, Материјал и методи на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Додаток и Литература. Како користена литература, кандидатот цитира 237 референци, од кои најголемиот број се од понов датум.

Во поглавјето ***Вовед*** кандидатот дава осврт на инциденцата и морталитетот од акутниот коронарен синдром со акцент на акутниот миокарден инфаркт како најчеста причина за хоспитализација во интензивна коронарна единица, со висок ризик на смртност и појава на несакани срцеви настани. Во основа на миокардниот инфаркт стои коронарната артериска болест, која зависи од многу ризик-фактори, генетски предиспозиции и сл. Се наведуваат клиничките ентитети кои го сочинуваат акутниот коронарен синдром, како и последиците за јавното и индивидуалното здравје. Понатаму, се коментираат сегашните насоки за лекување од страна на Европското здружение за кардиологија, Американскиот колеџ за кардиологија и Американското здружение за кардиологија, кои даваат практични препораки за оцена на ризикот од кардиоваскуларни настани во општата популација. Затоа, постојат големи очекувања во идентификување и развој на нови биомаркери за прогноза на кардиоваскуларен ризик, особено кај краткорочни и долгорочни клинички исходи.

Постојат неколку срцеви биомаркери, кои обично се користат за предвидување на кардиоваскуларни настани. Во нив се вклучени: маркери за миокардна некроза (креатинин киназа изоформа MB и тропонин); маркери за миокарден стрес (NT-proBNP и sSTD2) и маркери за инфламација (CRP - C-реактивен протеин и прокалцитонин, поврзан со инфламација – PCT). Во литературата се сретнуваат кратко- и долгорочни прогностички студии, кои се направени врз пациенти со миокарден инфаркт, со користење на еден или комбинација од повеќе срцеви биомаркери.

Кандидатот се осврнува на фактот дека при одредување на ризикот од појава на кардиоваскуларни настани треба да се земат предвид и ризик-факторите за појава на кардиоваскуларното заболување. Како главни ризик-фактори се вбројуваат: годините, полот, пушење цигари, хиперлипидемија, дијабетесот, артериска хипертензија, бубрежна слабост, хронична опструктивна белодробна болест, користење на лекови од интерес, фамилијарна историја за кардиоваскуларни заболувања, претходно кардиоваскуларно заболување, генетски нарушувања и др.

Понатаму се посочуваат главните несакани срцеви настани по епизода на миокарден инфаркт, причините за нивната појава, начините за нивно дијагностицирање и превенирање, како и алатките кои се користат за предвидување на истите. Како главни несакани срцеви настани се посочуваат: срцева слабост, срцева смрт, реинфаркт по епизода на миокарден инфаркт и мозочен удар.

Во поглавјето ***Преглед на литература*** детално се елаборираат темите: акутен коронарен синдром (дефиниција, класификација, начин на дијагноза), патофизиолошките механизми на атеросклерозата и коронарната артериска болест. Понатаму, се поставува причинско-последичната врска помеѓу коронарната артериска болест и акутниот миокарден инфаркт, се набројуваат и детално опишуваат различните видови на миокарден инфаркт според ЕКГ карактеристики (СТЕМИ и НСТЕМИ) со клиничка дистинкција помеѓу нив. Опишани се група на клинички состојби, кои ги немаат ЕКГ карактеристиките на миокарден инфаркт, но клинички се многу значајни т.н. СТЕМИ еквиваленти, кои се детално проследени и со назначена клиничка важност. Понатаму следат различните терапевтски методи, кои се користат кај пациентите со миокарден инфаркт. Опишани се и начините на кои може да се предвиди ризикот од несакани срцеви настани, срцева слабост, срцева смрт кај пациентите со преживеан миокарден инфаркт. Конечно, акцентот е ставен на срцевите биомаркери, кои се користат во современата медицинска пракса и нивната улога во предвидување на кардиоваскуларните настани. Се анализира детално секој докажан срцев биомаркер, се даваат податоци за биохемиски варијабли и ехокардиографски параметри кои имаат улога за одредување на ризик од кардиоваскуларни настани, сето тоа поддржано со бројни референци во широк временски распон. Кон крајот на поглавјето, се наведуваат клинички значајни ризик-скорови, кои се користат во различен период од болничкото лекување на пациенти со акутен миокарден инфаркт, од првиот контакт со пациентот до завршување на болничкото лекување и последователното клиничко следење на пациентот. Се прави детална анализа на секој ризик-скор со воочување на нивните предности и недостатоци, со бројни до моментот ажурирани референци.

Од тука произлегува и мотивот за иследувањето, а тоа е дека во литературата се среќаваат резултати од голем број на студии за зголемените вредности на кардијалните биомаркери: срцев тропонин (cTn), натриуретичните пептиди, како и стрес гликемија, гликолизиран хемоглобин, еГФР, број на леукоцити и сл. при епизода на акутен коронарен синдром. Исто така, голем е бројот на студии со кои се докажува дека зголемените вредности на кардијалните биомаркери имаат прогностичка вредност за развој на срцева слабост, морбидитет и морталитет на пациенти по епизода на акутен миокарден инфаркт. Дополнителен мотив за едно вакво истражување е поврзаноста на нивоата на кардијалните биомаркери кои се регистрираат во крвта при АМИ и ехокардиографските податоци за функцијата на лева комора (главно ЕФ) и ризикот од појава на срцева слабост, вклучително и срцева смрт. Друг дополнителен мотив е што вакво истражување е единствено во нашата земја и пошироко, според сознанието на кандидатот.

***Целите*** кои се поставени за истражување и изработка на докторската дисертација се јасно дефинирани:

1. Да се докаже прогностичката вредност на натриуретичните пептиди (NT-proBNP) како самостоен биомаркер при развој на несакани срцеви настани по епизода на акутен миокарден инфаркт.

2. Да се докаже прогностичката вредност на срцевиот тропонин како самостоен биомаркер при развој на несакани срцеви настани по епизода на акутен миокарден инфаркт.

3. Да се докаже прогностичката вредност на биохемиски варијабли (стрес гликемијата,

уреа, креатинин) при развој на несакани срцеви настани по епизода на акутен миокарден инфаркт.

4. Да се докаже поврзаноста на кардијалните биомаркери, биохемиските варијабли и ехокардиографските параметри и нивната кумулативна прогноза во развој на несакани срцеви настани по епизода на акутен миокарден инфаркт.

5. Да се докаже поврзаноста на кардијалните биомаркери, биохемиските варијабли и ехокардиографските параметри и нивната кумулативна прогноза во развој на срцева слабост по епизода на акутен миокарден инфаркт.

6. Да се докаже поврзаноста на кардијалните биомаркери, биохемиските варијабли и ехокардиографските параметри и нивната кумулативна прогноза во развој на акутен коронарен синдром (реинфаркт, нестабилна ангина) по епизода на акутен миокарден инфаркт.

7. Да се докаже поврзаноста на кардијалните биомаркери, биохемиските варијабли и ехокардиографските параметри и нивната кумулативна прогноза во развој на срцева смрт по епизода на акутен миокарден инфаркт.

8. Да се докаже поврзаноста на модифицираниот Андерсон-Вилкинс акутен скор со кардијалните биомаркери и биохемиски варијабли и ехокардиографски параметри и нивната кумулативна прогноза во развој на срцева слабост и морталитет по епизода на акутен миокарден инфаркт.

Во поглавјето ***Материјал и методи на работа*** е даден дизајнот на студијата и направен е опис на пациентите кои се вклучени во истражувањето. Студијата е лонгитудинална, проспективна кохортна клиничка студија, спроведена во периодот од октомври 2018 – март 2019 година, со следење на параметрите за пациентите до јули 2022 година. Анализирани се вкупно 150 пациенти, хоспитализирани за акутен миокарден инфаркт и третирани со ПКИ реваскуларизација. Клинички податоци, биомаркери како: стрес гликемија, гликемија на гладно, гликолизиран хемоглобин HbA1c, hsTn, NT-proBNP, креатинин, степен на гломеруларна филтрација (eGFR), уреа, крвна слика, електролити биле измерени на прием и при редовните клинички контроли. Исто така, ехокардиографија на прием, и при редовните клинички контроли била направена за да се класифицираат пациентите со АМИ со редуцирана, лесно редуцирана и/или зачувана ЛВЕФ и да се идентифицира транзицијата на пациенти (особено оние од групата на лесно редуцирана ЛВЕФ). На пациентите детално (усно и писмено) им биле образложени студијата, целите и условите за учество во студијата. Пациентите кои одлучија да учествуваат во студијата им беше побарано да потпишат писмена информирана согласност за учество во студијата.

Во ова поглавје, се претставени критериумите за вклучување на пациентите во истражувањето (инклузиони и ексклузиони критериуми), како и протоколот за работа, кој е детално опишан. На крајот од ова поглавје, даден е и статистичкиот метод, односно, наведени се сите статистички тестови со кои е направена анализа на податоците од интерес за изработка на докторската дисертација.

Во поглавјето ***Резултати*** кандидатот сите добиени резултати од интерес ги прикажува прегледно и систематизирано во 11 табели и 17 графикони, со јасно интерпретирање на направените анализи.

Во првиот дел на резултатите се прикажани, табеларно и графиконски, демографските карактеристики на испитуваната популација пациенти, како и коморбидитети, фармаколошка историја, карактеристики и локализација на миокардниот инфаркт, биохемиски обележја, ангиографски карактеристики, левокоморни функционални параметри при индексниот настан и фармаколошка терапија за време на хоспитализација.

Во текот на средниот период на следење од 39,3 месеци (медијана 44) кај 70 пациенти (46,7%) биле регистрирани кардиоваскуларни настани. Од нив кај 48 (32%) од пациентите биле регистрирани кумулативно 70 несакани срцеви настани, последователно кај 21 пациент (14%) е регистрирана потреба од повторна хоспитализација и/или реваскуларизација. Кај 19 (12,7%) е регистрирана потреба од повторна хоспитализација поради срцева слабост, цереброваскуларен инцидент кај 6 пациенти (4%), смртен исход кај 24 пациенти (16%) од кои 11 (7,3%) срцева смрт и 13 (8,7%) несрцева смрт. 30-дневната смртност била 3,3% (5 пациенти) додека едногодишната смртност по епизода на миокарден инфаркт изнесувала

6,1% (9 пациенти). Од вкупниот број на пациенти со не-срцева смрт кај 5 пациенти истата настапила во тек на КОВИД-19 болест, додека кај 4 пациенти во склоп на малигна болест. Проценето средно време до прв регистриран мајорен настан (mean) и медијана (median) 11,7 (95% CI 9,4-17,2) и 6,5 (95% CI 1,6-14,3) месеци.

Според застапеноста на ризик-фактори кај испитувана група на пациенти се добиени следните податоци – средна вредност на ИТМ 28,4 (23,3 – 33,5) што укажува на прекумерна телесна тежина и 30 пациенти или 20% од испитуваната група биле со клиничка гојност (ИТМ >30). Најголем дел од пациентите имале артериска хипертензија, 133 или 88,7%, втор по честота ризик-фактор била хиперлипидемијата со вредност на холестерол > 5 mmol/L, која била откриена кај 104 пациенти или 69,3% од испитуваната популација. Следи пушењето цигари, ризик-фактор кој се регистрирал кај 98 или 65,3% од пациентите. Кај 87 пациенти или 58% е откриена фамилијарна обременетост за коронарна артериска болест. Во структурата на ризик-факторите кај пациентите влегува и дијабетесот со 44 пациенти или 29,3%, ХОББ со 12% или 18 пациенти, анемија кај 11 пациенти или 7,3%, претходен миокарден инфаркт кај 22 пациенти или 14,7% и претходна нарушена функција на левата комора, која е откриена кај 8 пациенти или 5,3% од испитуваната популација. Од фармаколошката анамнеза на пациентите се издвојуваат неколку групи на лекарства кои биле користени пред појава на индексниот настан. Во најголем процент се инхибитори на RAAS, кој биле користени од страна на 100 пациенти или 66,7%, потоа следуваат бета блокатори – 56 пациенти или 37,3% и на последно место ACA, користени од страна на 53 пациенти или 35,3%.

Обележјата кои покажале статистички значајна разлика во дистрибуцијата на вредностите и честотите меѓу пациентите со наспроти без MACE биле подложени на униваријантна линеарна/логистичка регресиона анализа. Споредбената анализа меѓу пациентите со наспроти без регистрирани композитни мајорни несакани срцеви настани (MACE) покажа статистичка значајност за следните обележја: возраст на пациентите (63,7±9,9 vs 59,6±12,4; p<0,035), ИТМ – индекс на телесна маса (31,2±6,0 vs 27,2±4,3; p<0,021), ДМ – дијабетес (20 - 41,7% vs 24 - 23,5%; p<0,020), анемија (7 - 14,6% vs 4 - 3,9%; p<0,029), hsTn (високосензитивен тропонин (10013,6±17467,6 vs 5242,7±11600,7; p<0,045), NT-proBNP (4602,7±7714,3 vs 2502,4±3937,1; p<0,025), WBC – леукоцити 12,2±3,7 vs 10,9±3,3; p<0,028), Stress glycemia (11,3±4,6 vs 8,6±4,6; p<0,002), без гликорегулација (19 - 39,6% vs 18 - 17,7%; p<0,008), HbA1c – гликолизиран хемоглобин (6,7±1,9 vs 6,1±1,3; p<0,041), HCT – хематокрит (40,1±4,7 vs 41,9±4,4; p<0,041), уреа во серум (7,7±4,2 vs 5,8±2,0; p<0,001), креатинин во серум 102,7±48,9 vs 85,9±31,8; p<0,032), број на заболени крвни садови (2,13±0,9 vs 1,75±0,9; p<0,019), LVEDd (53,5±5,1 vs 51,1±4,9; p<0,010), LVESd (39,1±6,4 vs 35,3±5,1; p<0,001), EF - 48,9±9,5 vs 54,1±8,9; p<0,002), EF<40% (14 – 29,2% vs 10 – 9,8%; p<007), EF 41-50% Mid-range (16 – 33,3% vs 34 – 33,3%, p<0,007), EF>50% (18 – 37,5 vs 58 – 56,9%; p<0,007), хоспитализација – денови (6,0±2,8 vs 4,9±1,9; p<0,002), Loop (јамка на Хенле) диуретици (27-65,9% vs 37-34,3%; p<0,000496).

Статистички значајните обележја беа споредени во униваријантна анализа / логистички регресиона и како предиктори на MACE се покажаа: возраст, дијабетес, стрес гликемија, без гликорегулација, уреа, креатинин, крајно дијастолен дијаметар на лева комора, крајно систолен дијаметар на лева комора, EF, левокоморна систолна функција/дисфункција, број на заболени крвни садови, должина на хоспитализација и користење на диуретици за време на хоспитализација. Била направена ROC анализа за да се измери дискриминаторната функција на различните обележја за несакани срцеви настани. Статистички значајни дискриминаторни функции за MACE покажаа: број на заболени коронарни артерии (AUC 0.614, p=0,025), стрес гликемија (AUC 0.639, p=0,007), гликорегулација (AUC 0.616, p=0.023), број на леукоцити (AUC 0.626, p=0.014), левокоморен крајно дијастолен и крајно систолен дијаметар (AUC 0.611 и 0.636, p=0,029 и p=0,008 соодветно), користење на loop диуретици за време на индексен настан (AUC 0.684, p<0,001). Од моделот на мултиваријантна анализи за појава на MACE, како независни предиктори се покажаа: времетраење на хоспитализација во тек на индексниот настан, број на заболени коронарни артерии, ЛК крајно-систолен дијаметар, примање на loop диуретици при испис од болница, NT-proBNP и неможноста за оптимална гликорегулација.

Понатаму, карактеристиките на испитуваната популација биле подложени на униваријантна анализа и коефициенти на корелација со цел да се идентификуваат предикторите за појава на срцева слабост по епизода на миокарден инфаркт. Униваријантната анализа ги покажала следните обележја како независни предиктори на срцева слабост: анемија при индексен настан, број на заболени коронарни артерии, SINTAX скорот, кардијални биомаркери: тропонин и натриуретичен пептид, број на леукоцити при индексен настан, уреа, левокоморен краен систолен и дијастолен дијаметар, ЕФ и степен на редукција на ЕФ при индексен настан, денови на хоспитализација при индексен настан и користење на loop диуретици при испис од болничко лекување. Во модел на мултиваријантна анализа со внесени 14 обележја, на чекор 7, во моделот останаа 8 обележја од кои шест со одлики на независни предиктори: присуство на анемија при индексниот настан, број на заболени КА, кардијалните биомаркери: тропонин и натриуретичен пептид, број на леукоцити при индексниот настан и степенот на редукција на ЕФ како категориско обележје (ЕФ <40% при индексниот настан) (Chi square 32,868 (p=0,005 на првиот чекор до 0,000332 на чекор 7). Била направена ROC анализа за да се измери дискриминаторната функција на различните обележја за срцева слабост. Статистички значајни дискриминаторни функции за срцева слабост покажаа: број на заболени коронарни артерии (AUC 0.682, p=0,011), број на леукоцити (AUC 0.642, p=0.046), високосензитивен тропонин – hsTn (AUC 0.682, p=0,010), натриуретичен пептид – NT-proBNP (AUC 0.694, p=0,006).

Карактеристиките на испитуваната популација биле подложени на униваријантна анализа и коефициенти на корелација со цел да се идентификуваат предикторите за појава на акутен коронарен синдром (ре-инфаркт, нестабилна ангина) по епизода на миокарден инфаркт. Униваријантната анализа ги покажала следните обележја како независни предиктори на акутен коронарен синдром (реинфаркт, нестабилна ангина): индекс на телесна маса, дијабетес мелитус, анемија, број на заболени коронарни артерии, SINTAX скор, диуретици кои делуваат на јамката на Хенле – loop диуретици за време на индексен настан, употреба на бета блокатори пред индексниот настан. Обележјето – ниво на калиум во униваријантната анализа не покажало статистичка значајност, но во модел на мултиваријантна анализа се покажало со одлики на независен предиктор. Во модел на мултиваријантна анализа со внесени 8 обележја, на чекор 5, во моделот останаа 4 обележја од кои три со одлики на независни предиктори: нивото на калиум, број на заболени КА, примена на диуретици при индексниот настан, бројот на леукоцити останаа во моделот, но без одлики на независен предиктор (Chi square 21,091 (p=0,007 на првиот чекор до 0,001 на чекор 5). Била направена ROC анализа за да се измери дискриминаторната функција на различните обележја за акутен коронарен синдром (реинфаркт, нестабилна ангина). Статистички значајни дискриминаторни функции за АКС покажале: број на заболени коронарни артерии (AUC 0.680, p=0,008), SINTAX скор (AUC 0.655, p=0,023), број на леукоцити (AUC 0.646, p=0.032), користење на loop диуретици за време на индексен настан (AUC 0.666, p=0,015).

Понатаму следат резултатите за независни предиктори на срцева смрт идентификувани со униваријантна анализа и коефициенти на корелација: индекс на телесна маса, натриуретичен пептид NT-proBNP, уреа, креатинин, левокоморен крајно дијастолен дијаметар, левокоморен крајно систолен дијаметар, левокоморна ежекциона фракција, левокоморна ежекциона фракција <50% (категориска), користење на loop диуретици при индексен настан. Во модел на мултиваријантна анализа со внесени 18 обележја, на чекор 11, во моделот останаа 4 обележја од кои три со одлики на независни предиктори: стар МИ, број на заболени КА, примена на диуретици при индексниот настан, леукоцитите останаа во моделот, но без одлики на независен предиктор (Chi square 36,008 (p=0,007 на првиот чекор до 0,000 на чекор 5), со процент на точно предвидување од 94,7%. Била направена ROC анализа за да се измери дискриминаторната функција на различните обележја за срцева смрт. Статистички значајни дискриминаторни функции за срцева смрт покажаа: NT-proBNP (AUC 0.697, p=0,038) и уреа (AUC 0.775, p=0,004).

Во поглавјето ***Дискусија*** кандидатот исцрпно ги образложува добиените резултати и ги споредува со податоци од достапната литература која е од интерес за истражувањето. Дел од добиените и презентирани резултати во студијата, се совпаѓаат со резултатите на

голем број на студии кои се работени со иста цел, додека дел од резултатите се спротивни на досегашните резултати и некои од нив претставуваат оригинални резултати.

По спроведувањето на истражувањето и по направените анализи кандидатот ги дава следните ***заклучоци***:

– Срцевите биомаркери имаат голема прогностичка улога кај пациентите со миокарден инфаркт, со главен акцент на биомаркерите за стрес и повреда.
– Демографски варијабли имаат улога на предиктори за појава на несакани срцеви настани кај пациенти со миокарден инфаркт.
– Биохемиски варијабли имаат улога на предиктори за појава на несакани срцеви настани кај пациенти со миокарден инфаркт.
– Ехокардиографски параметри имаат улога на предиктори за појава на несакани срцеви настани кај пациенти со миокарден инфаркт.
– Голем дел од пациентите со миокарден инфаркт во периодот на хоспитализација и следење развиваат несакани срцеви настани.
– Од испитуваната популација во нашето истражување, кај 32% или 48 пациенти беа регистрирани несакани срцеви настани во периодот на следење.
– Како ризик-фактори за појава на миокарден инфаркт во испитуваната популација се издвоија: индекс на телесна маса, артериска хипертензија, хиперлипидемија, пушење на цигари, фамилијарна историја за коронарна артериска болест, дијабетес, ХОББ и нарушена функција на левата комора на срцево.
– Од хоспитализирани пациенти за миокарден инфаркт, најголем дел или 66,7% биле СТЕМИ според електрокардиограмот на прием.
– Несаканите срцеви настани беа поделени на: акутен коронарен синдром – АКС со потребна хоспитализација и/или реваскуларизација (14%), срцева слабост – СС со потреба од хоспитализација (12,7%), цереброваскуларен инцидент – ЦВИ (4%), сртен исход (16%) и тоа срцева смрт (7,3%) и несрцева смрт (8,7%).
– Во нашето истражување како независни предиктори за појава на несакани срцеви настани по епизода на миокарден инфаркт се покажаа: времетраење на хоспитализација во тек на индексен настан, број на заболени коронарни артерии, левокоморен крајно систолен дијаметар, користење на loop диуретици за време на индексен настан, натриуретичниот пептид NT-proBNP и неможноста да се постигне добра гликорегулација.
– Во нашето истражување како независни предиктори за појава на срцева слабост по епизода на миокарден инфаркт се покажаа: присуство на анемија при индексен настан, број на заболени коронарни артерии, тропонин, натриуретичен пептид NT-proBNP, број на леукоцити и степен на редукција на левокоморната ежекциона фракција како категориско обележје.
– Во нашето истражување како независни предиктори за појава на АКС (реинфаркт, нестабилна ангина) по епизода на миокарден инфаркт се покажаа: нивото на калиум, број на заболени КА и примена на диуретици при индексниот настан.
– Во нашето истражување како независни предиктори за појава на срцева смрт по епизода на миокарден инфаркт се покажаа: стар МИ, број на заболени КА и примена на диуретици при индексниот настан.
– Користењето на срцевите биомаркери, заедно со докажаните биохемиски и ехокардиографски варијабли може да се искористи за оптимизирање на терапијата на пациенти со акутен миокарден инфаркт, како и да се превенираат несаканите срцеви настани по епизода на миокарден инфаркт.

Како **користена литература**, м-р д-р Александар Серафимов цитира 237 референци од кои најголемиот број се од понов датум, што говори за актуелноста на истражуваната проблематика.

**Научен придонес на докторската дисертација**

Оригиналниот придонес на овој труд е во неговата клиничка апликативна вредност.

Ова истражување е прво од ваков тип во нашата земја и соседните региони, со кое се овозможува предвидување на појава на несакани срцеви настани со користење на комбинација од срцеви биомаркери, биохемиски обележја и ехокардиографски параметри, кај пациенти со прележан миокарден инфаркт, кои биле подложени на успешна перкутана коронарна интервенција. Можноста за предвидување на настаните во периодот на клиничко следење на пациенти дозволува превентивно делување со цел да се намали ризикот од појава на несаканите срцеви настани и нивниот ефект врз индивидуалното и јавното здравје.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

М-р д-р Александар Серафимов во периодот 2017-2021 година има објавено како автор и коавтор шест научни труда во реномирани списанија со меѓународен уредувачки одбор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана ја разгледа докторската дисертација со наслов *„Прогностичка улога на срцевите биомаркери кај пациентите со миокарден инфаркт“* од кандидатот м-р д-р Александар Серафимов и донесе заклучок дека истата претставува самостојна научна работа со оригинални и значајни резултати. Студијата врз основа на содржината, обемот и квалитетот на научната работа ги исполнува сите услови за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов *„Прогностичка улога на срцевите биомаркери кај пациентите со миокарден инфаркт“* од кандидатот м-р д-р Александар Серафимов и да му одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милка Здравковска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Вавлукис – интерен ментор, член, с.р.**
**Проф. д-р Сашко Кедев – екстерен ментор, член, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова – член, с.р.**
**Проф. д-р Јорго Костов – член, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „PHRASEOLOGIE DER DEUTSCHEN SPRACHE“ (ФРАЗЕОЛОГИЈА НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК) ОД ПРОФ. Д-Р ДРАГАНА КУЗМАНОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-110/13 од 250. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на ден 22.6.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– редовен професор д-р Силвана Симоска, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
– вонреден професор д-р Даринка Маролова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„PHRASEOLOGIE DER DEUTSCHEN SPRACHE“ (ФРАЗЕОЛОГИЈА НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК)** од **авторката проф. д-р Драгана Кузмановска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов **„PHRASEOLOGIE DER DEUTSCHEN SPRACHE“ (ФРАЗЕОЛОГИЈА НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК)** од **проф. д-р Драгана Кузмановска** е пишуван според Наставниот план и програма за предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик. Посочените предмети се изучуваат на студиите од прв циклус на Студиската програма по германски јазик и книжевност, на двете постоечки насоки - Наставна насока и насока Преведување и толкување, на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во четврта година, седми семестар. Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Авторката преку овој ракопис предложен како рецензиран учебник умешно ги споила наставните содржини на двата предмета Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик и изготвила материјал кој со сигурност претставува наставно помагало кое во целост ги исполнува очекуваните барања на предметните програми кои треба студентите од четврта година да ги апсолвираат, со што може да се заокружи четиригодишниот циклус од нивното студирање на Катедрата по германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на ова учебно помагало во вид на учебник по предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик, е претставена во текст од вкупно 72 страница, надополнета со слики, структурирана во девет поглавја, а содржи и предговор, заклучок, глосар и секако библиографија од околу 70 литературни извори кои се користени во подготовката на материјалот. Учебното помагало е пишувано на германски јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставните програми за реализација на наведените предмети.

Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот со наслов **„PHRASEOLOGIE DER DEUTSCHEN SPRACHE“ (ФРАЗЕОЛОГИЈА НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК)** е индивидуална творба на авторката, затоа што обработува внимателно одбрана содржина, која е наменета за потребите на студентите германисти од четврта година на студии Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Содржината претставена во ова учебно помагало, помалку или повеќе е застапена и во некои други учебни помагала од областа на лингвистиката, објавени на германски јазик, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата, учебникот е индивидуално авторско дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на јасен и разбирлив германски јазик, прифатлив за студентите од четврта година коишто следат настава по предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик. Текстот во учебникот се состои од вовед и девет поглавја, заклучок, глосар на употребените поими и секако користена библиографија неопходна за создавање на еден ваков стручен ракопис.

Потребата за создавање на еден ваков рецензиран учебник произлезе од потребата на студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кои ги слушаат предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик.

На почетокот на учебникот во предговорот авторката проф. д-р Драгана Кузмановска ги воведува студентите во материјата предвидена за наставните предмети Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик, во кои е предвидена обработка и анализа на фразеологизмите, како специфични лексички единици. Благодарение на глобалниот пристап кон научните сознанија од сите страни на светот, таа ја истакнува необичната сила на фразеологизмите, кои продираат во сите сфери во општеството, во човековата дејност. Токму, ваквата нивна популарност го привлекува вниманието на авторката која како значајни јазични единици ги наведува токму фразеологизмите преку кои се пренесуваат човековите карактерни особини и мудрости за кои вели дека треба да им се предадеме и да ги употребиме како готови форми, благодарејќи им на пренесеното искуство на претходните генерации. Авторката свесна за нужноста за непречено одвивање на комуникацијата меѓу соговорниците како на мајчиниот така и на странскиот германски јазик се обидува да обработи една специфична лексичка категорија на зборови наречени фразеологизми, кои овозможуваат пренесување на пораката на еден сликовит, метафоричен, преносен начин успешно доловувајќи ја смислата.

Материјата што се обработува во овој учебник е систематизирана во девет поглавја, заклучок, глосар и користена литература.

***Kurze Phraseologieforschungsgeschichte*** (Кратка историја на фразеолошките истражувања) е **првото поглавје** каде што се дава осврт на историскиот развој на фразеологијата на германскиот јазик и се наведуваат авторите кои ја обработуваат таа тематика меѓу најпознатите е и Флајшер, Бургер како и Пилц.

**Второто поглавје** е насловено како ***Entstehungsquellen der Phraseologismen*** (Извори на фразеологизмите) каде што се зборува за потеклото и всушност за начинот на нивното настанување. Овде како најрелевантни фразеолошки извори се наведуваат познатите антички и грчки филозофи, како што се Платон, Аристотел, Софокле, Хомер и многу други, потоа Библијата како непресушен извор на фразеологизмите, како и средновековниот латински јазик, масовната преселба на народите и секако фолклорот.

***Hauptfunktionen der Phraseologismen*** (Главните функции на фразеологизмите) е насловот на **третото поглавје,** каде што авторката се обидува да даде јасна слика на функциите кои фразеологизмите ги имаат во јазикот и овде како најистакнати имиња се споменуваат Глезер, Бургер, Доналис итн.

***Die populärste Termini*** (Популарни термини) е **четвртото поглавје,** каде што авторката се обидува да ги сумира резултатите добиени од видни лингвисти, паремиолози, научници, истражувачи и се обидува да излезе од тој т.н. терминолошки хаос и како најсоодветен назив за оваа специфична лексичка категорија го избира поимот фразеологизам.

***Wortverbindungen: freie oder feste?*** (Зборовни состави: слободни или цврсти?) е **петтото поглавје,** каде што се дава одговор на прашањата: Каква е разликата помеѓу

слободните и цврстите зборовни состави?, Како се разликуваат едните од другите? и сл. Авторката овде ги анализира образложувањата на видните Бургер, Флајшер, Чернишева, Вотјак/ Рихтер и други кои даваат одговори на овие прашања.

***Merkmale von Phraseologismen*** (Обележјата на фразеологизмите) е **шестото поглавје,** каде што авторката зборува за морфолошките, синтаксичките и семантичките обележја на фразеологизмите поткрепена со истражувањата на видните Бургер, Флајшер, Доналис и други. Како заеднички заклучок е дека колку е понеразбирлива реченицата, толку е поголем степенот на идиоматичност, односно толку е поцврст фразеологизмот.

***Klassifikation der Phraseologismen*** (Класификација на фразеологизмите) е **седмото поглавје,** каде што се зборува за прашањето за класификацијата на германските фразеологизми, кое е едно од централните, а истовремено и едно од најкомплексните прашања. Се смета за централно прашање затоа што само од добрата класификација зависи подобриот преглед на структурните и семантичките особености на одделни подкласи на фразеологизмите, нивен меѓуоднос, како и јасното одредување на фразеолошкиот инвентар на еден јазик, а со тоа и определување на фразеологијата како посебна лингвистичка дисциплина, а воедно се смета и за комплексно поради бројните и често целосно дивергентните критериуми од кои поаѓаме при квалификацијата, како и поради целосната комплексност и хетерогеност на фразеолошките формативи и нивната семантика. Како најкарактеристични класификации авторката ги издвојува оние на Флајшер, на Бургер, на Вотјак и Доналис.

***Die wichtigste Klasse der Phraseologismen*** (Најважните видови фразеологизми) е насловот на **осмото поглавје,** каде што авторката ги сублимира само најважните видови на фразеологизми во современиот германски јазик, како би можел читателот да направи слика за тоа какви сè конструкции се вбројуваат помеѓу фразеологизмите. Овде авторката се потрудила да наведе бројни примери за секоја наведена категорија на фразеологизми со цел доближување на истите до студентите, до изучувачите на германскиот јазик и секако до сите заинтересирани за оваа тематика читатели. На тој начин таа дава јасен преглед на богатството и разновидноста на фразеолошкиот систем на современиот германски јазик.

***Spracherwerb von Phraseologismen*** (Усвојување на фразеологизмите) како последно **деветто поглавје** зборува за усвојување на фразеологизмите како во мајчиниот така и во германскиот како странски јазик. Овде авторката ги истакнува тврдењата на Шерер дека: „Колку постар е ученикот, толку е подобра неговата фразеолошка компетентност“ и на Бургер, кој вели дека усвојувањето на фразеологизмите и нивната соодветна употреба не зависат само од возраста, туку и од индивидуалните искуства и знаења со кои располага ученикот.

На крајот следи **заклучокот** каде што се презентирани заклучоци од сите поглавја и се потенцира значајната улога на фразеологизмите во секојдневната комуникација.

Интересно е што на крајот од учебникот авторката се обидела да даде и глосар на поими кои се поврзани со оваа тематика и на тој начин да им помогне на студентите, изучувачите на германскиот јазик и воопшто на сите читатели и љубители на оваа тематика, кратко објаснување на поимите кои го карактеризираат ова дело.

Понуден е и разновиден литературен корпус кој е консултиран за изработка на рецензираниот учебник.

**З А К Л У Ч О К**

Трудот на проф. д-р Драгана Кузмановска со наслов **„PHRASEOLOGIE DER DEUTSCHEN SPRACHE“ (ФРАЗЕОЛОГИЈА НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК)** е понуден за објавување на рецензиран учебник во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е еден извонреден прилог од ваков вид, пред сѐ, за германската лингвистика воопшто. Авторката проф.

д-р Драгана Кузмановска, применувајќи современа теориска и емпириска поврзаност на аргументите, успешно и одговорно одговорила на поставените задачи. Преку методолошки издржаниот пристап сеопфатно се обработува германската проблематика врзана за предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик, овозможувајќи ни научно релевантни сознанија од областа на оваа проблематика.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје, пристапот кон проблематиката и начинот на којшто е изложена материјата обезбедуваат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Ценејќи ги вредностите на трудот, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип да го усвои овој извештај за објавување во е-библиотеката на веб-станицата на истиот универзитет како рецензиран учебник по предметите Фразеологија на германскиот јазик и Лексикологија на германскиот јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Силвана Симоска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Даринка Маролова, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ” ПРАКТИКУМ ОД ДОЦЕНТ Д-Р НАТАША МИТЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-198/4 од 279. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 14.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Душко Јошески**, **вонреден професор,** Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип,
– **д-р Мичо Апостолов**, **редовен професор,** Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Маркетинг менаџмент**” од **авторката доц. д-р Наташа Митева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот и содржината на трудот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Материјалот во трудот е поделен на 13 тематски поглавја, и вклучува 2 поглавја за обработка на проектни задачи, 1 поглавје со 6 теми за дискусија и 10 вежби. Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, по предметот *Маркетинг менаџмент* кој според наставната програма е предвиден да се слуша како задолжителен предмет во четвртиот семестар (втора година) на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистиката. Овој ракопис нуди практични базични знаења по предметот *Маркетинг менаџмент*.

Доставениот текст потполно е подготвен според пропишаната наставна програма за предметот Маркетинг менаџмент и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на предметот, а се однесуваат на практичната реализација на наставната програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот *„Маркетинг менаџмент“* е систематизиран во 13 глави на 21 страница и е систематизиран во 10 тематски поглавја. Ракописот е напишан на А4, согласно со упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е-практикум, претставува квалитетен труд кој ќе им помогне на студентите да го совладаат материјалот по маркетинг менаџмент. Ваков тип на електронски практикум од областа на Маркетинг менаџмент за првпат се објавува на Факултет за туризам и бизнис логистика и од истата причина е значаен за студентите кои го слушаат истоимениот предмет.

**Краток опис на содржината:** Вежбите се дефинирани со цел полесно совладување на материјата и адекватна примена на теоретското знаење во анализа на реални ситуации за проблематики поврзани со маркетинг менаџментот. Во секоја вежба е посочена областа во која студентите треба да имаат стекнато знаење преку разработка на материјалот опфатен во скриптата „Маркетинг менаџмент“. Повеќето вежби содржат ставови кои студентите треба да ги заземат за конкретна ситуација со цел поттикнување дискусија за време на

вежбите каде се очекува активно учество на студентите. Дополнително, вежбите содржат реални ситуации со проблематики поврзани со маркетинг менаџментот во кои се бара аргументирање од студентите со цел оформување на личен став:

Првите две поглавја од практикумот се однесуваат на проектната задача како задолжителна активност по секоја наставна програма. За таа цел е дадено кратко објаснување на правилата за изработка на тематскиот труд од студентите и линк до истиот за негово детално разгледување. Потоа следува поглавје со 30 теми предложени за изработка на проектна задача по предметот Маркетинг менаџмент. Темите се поврзани со наставната програма на предметот и ажурирани според последните трендови од дисциплината.

Вежба 1 содржи ситуација од темата *Дефинирање на маркетингот* и прашања за дискусија. Дополнително во вежбата се бара од студентите да заземат еден од двата понудени ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Вежба 2 се однесува на дефинирањето мисија кај компаниите и вклучува неколку праша по истата тематика. Во вежбата се бара од студентите да заземат еден од двата понудени ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Вежба 3 се однесува на улогата на маркетерот и нејзината цел е да ги идентификува задачите кои ги има маркетинг менаџерот. Од студентите се бара да ги разгледаат можните задачи на маркетинг менаџерот и да одговорат на прашањата за дискусија во прилог.

Вежба 4 се однесува на воведувањето на нов производ за што е потребно студентите да изберат бизнис организација и да одговорат на предизвиците кои го носи воведувањето на новиот производ.

Вежба 5 се однесува на потрошувачкото однесување и истакнува спротивни ставови на две групи маркетери. Од студентите се бара да заземат еден од понудените ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Вежба 6 се однесува на маркетинг истражувањето и истакнува спротивни ставови на две групи маркетери. Од студентите се бара да заземат еден од понудените ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Вежба 7 се однесува на тактиките кои се користат од страна на компаниите за да се поврзат со потрошувачите. Вежбата го отвора прашањето за заштитата на приватноста на потрошувачите и бара од студентите да заземат еден од понудените ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Вежба 8 се однесува на пазарната понуда, односно понудата на производи. Од студентите се бара да заземат еден од понудените ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Вежба 9 се надоврзува на вежба 8 со тоа што во фокусот ја има понудата на услугите. Во вежбата се истакнати ставови на маркетери за разликата во маркетингот на услугите и маркетингот на производите. Од студентите се бара да заземат еден од понудените ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Вежба 10 се однесува на поглавјето во кое се обработени методите на одредување на цена. Од студентите се бара да заземат еден од понудените ставови и да го елаборираат нивниот избор.

Последното поглавје од електронскиот практикум „Маркетинг менаџмент" содржи шест теми за дискусија согласно наставната програма предвидена во истоимената електронска скрипта. Темите за дискусија се неопходни за поттикнување на процесот на размена на информации помеѓу студентите, зголемување на интересот кај нив, како и за можност за поврзување на теоријата со практиката. Дискусиите од предложените теми ќе обезбедат повратна информација за совладаната материја и ќе ги подготви студентите за реални ситуации со кои би се соочиле.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го дава следниов

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „Маркетинг менаџмент“ од доцент д-р Наташа Митева претставува самостојно дело кое ги задоволува критериумите за електронски практикум и на мошне јасен и едноставен јазик ги дополнува и збогатува предметните содржини по истоимениот предмет. Електронскиот практикум е во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Истиот е особено важен и неопходен за студентите кои го изучуваат предметот Маркетинг менаџмент за полесно практично совладување на наставните содржини по предметот. Вежбите кои се предмет на анализа се јасни, содржински конзистентни и соодветствуваат на теоретските прашања за чие практицирање се предвидени. Дополнително, истите се базираат на начин во иднина читателот лесно да ги препознае сличните ситуации во практиката и на лесен начин да го утврди своето познавање од теоријата. Концизното и експлицитното презентирање на проблематиката од оваа област, дава можност за користење на овој материјал не само за студентите туку и пошироко.

Оттука, на Наставно-научниот совет на факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „Маркетинг менаџмент“ од авторот доц. д-р Наташа Митева да го прифати како електронски ПРАКТИКУМ.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Душко Јошески вонр. проф., Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.**
**Д-р Мичо Апостолов, ред. проф. Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ” ОД ДОЦЕНТ Д-Р НАТАША МИТЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-198/5 од 279. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на ден 14.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Душко Јошески**, **вонреден професор,** Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип,
– **д-р Мичо Апостолов**, **редовен професор,** Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Маркетинг менаџмент**” од **доц. д-р Наташа Митева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на факултет за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот и содржината на трудот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Материјалот во трудот е поделен на 6 тематски поглавја и истиот е предвиден како прв дел за предавања на студентите. Материјалот дава придонес во воведувањето и изучувањето на областа на маркетинг менаџмент, вклучувајќи ги основните активности кои истоимениот оддел ги спроведува. Тука спаѓаат основните активности како развој на маркетинг стратегии и планови, разгледување на маркетинг наоди и перформанси, поврзување со потрошувачи, градење на силни брендови, формирање на пазарни понуди, испорака на вредност и креирање на успешен долгорочен раст. Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, по предметот *Маркетинг менаџмент* кој според Наставната програма е предвиден да се слуша како задолжителен предмет во четвртиот семестар (втора година) на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистиката. Овој ракопис нуди практични базични знаења по предметот *Маркетинг менаџмент*.

Доставениот текст потполно е подготвен според пропишаната наставна програма за предметот Маркетинг менаџмент и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на наставната програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот *„Маркетинг менаџмент“* е систематизиран во 6 глави на 98 страници, поткрепен со слики и табели кои ќе помогнат во доближување и поедноставување на материјата до студентите. Ракописот е напишан на А4 согласно со упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот претставува квалитетен труд кој ќе им помогне на студентите да го совладаат материјалот по Маркетинг менаџмент. Ваков тип на електронска скрипта од областа на Маркетинг менаџмент за првпат се објавува на Факултет за туризам и бизнис логистика и од истата причина е значаен за студентите кои го слушаат истоимениот предмет.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е систематизиран во 6 глави и тоа:
Глава 1 Дефинирање на маркетинг
Глава 2 Стратегиско планирање
Глава 3 Собирање информации и предвидување на побарувачка
Глава 4 Спроведување на маркетинг истражување
Глава 5 Поврзување со потрошувачите
Глава 6 Оформување на пазарни понуди.

Во првата глава наречена*Дефинирање на маркетинг* се дава јасен и концизен преглед на маркетингот како дисциплина, која е неговата цел, дефинирање на истиот и неговите клучни маркетинг концепти. Во оваа глава се дефинираат и целните пазари како начинот на позиционирање и сегментирање на пазарите. Од голема важност е разгледувањето на новите маркетинг реалности со кои компаниите денес се соочуваат како и задачите на маркетинг менаџментот. Затоа овие теми се воведени во првото поглавје од ракописот.

Во втората глава *Стратегиско планирање* се истакнува дефиницијата една од најважните функции на маркетинг менаџментот односно планирањето. Понатаму опфатени се темите за создавање потрошувачка вредност, разгледани се организациите како ентитети и организациската култура и обработени се маркетинг иновациите со кои се соочуваат компаниите во денешното динамично опкружување. На крајот од втората глава обработена е тема за стратегиското планирање на бизнис единицата.

Во третата глава *Собирање информации и предвидување на побарувачка* се фокусира на темите како што се компоненти на модерниот маркетинг информативен систем, внатрешната евиденција и маркетинг интелигенцијата. Дел од ова поглавје е и тема посветена на анализата на макроопкружувањето со кое маркетинг менаџментот има директен контакт. Во поглавјето се опфатени и теми за мерење, проценка и предвидување на побарувачка што се од клучно значење при настап на пазарот.

Четвртата глава *Спроведување на маркетинг истражување* опфаќа теми кои го обработуваат целиот процес на истражувањето од поставување систем до разни метрики и модели за маркетинг истражувањето. На крај се обработени и маркетинг контролните карти.

Петтата глава *Поврзување со потрошувачите* го обработува фокусот на успешните компании, потрошувачот. Во поглавјето обработени се теми за управување со односите на клиентите и потрошувачка профитабилност. Детално се објаснети различните тактики кои компаниите ги применуваат со цел да ги задржат постоечките потрошувачи, да привлечат нови потрошувачи и да изградат лојални потрошувачи.

Шестата глава *Оформување на пазарни понуди* се однесува на понудата со која компанијата настапува на пазарот, односно понудата насочена кон потрошувачите. Поглавјето опфаќа теми за формулирање на производна стратегија, начини за диференцијација на производи и услуги, дизајнирање и управување со услуги, управување со квалитет на услуги, како и развој на ценовни стратегии и програми.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го дава следниов

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „Маркетинг менаџмент“ од доцент д-р Наташа Митева претставува самостојно дело кое ги задоволува критериумите за електронска скрипта со теоретски и практичен приказ кој ќе им овозможи на студентите на јасен начин да се стекнат со знаење од обласа на маркетинг менаџментот. Овој ракопис претставува успешен обид на авторот да претстави научен материјал со висок квалитет во кој се дава можност за стекнување на пошироки знаења од обласа на маркетинг менаџментот. Цениме дека оваа скрипта ќе даде придонес во процесот на образованието на РС Македонија поради опфатеноста на стручни и научни сегменти поврзани со маркетинг менаџментот. Од методско-дидактички аспект, стручно-научните содржини во ракописот се обработени според логично утврден редослед, напишани на оригинален начин со јасен и разбирлив јазик. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите од прв циклус студии. Концизното и експлицитното презентирање на проблематиката од оваа област дава можност за користење на овој материјал не само за студентите туку и пошироко.

Затоа имаме чест **позитивно да ја оцениме предложената скрипта „Маркетинг менаџмент“ од доцент д-р Наташа Митева и предлагаме Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата за скриптата и да продолжи понатамошната постапка за објавување**.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Душко Јошески вонр. проф., Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.**
**Д-р Мичо Апостолов, ред. проф. Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно- научниот совет на единицата**

| Билтен 17.10.2022 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | 1. Компаративна анализа на постојниот и паметниот систем за мерење на количината на питка вода | 1702-211/9 од 29.9.2022 год. | Проф. д-р Николинка Донева | Весна Тодорова |